УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Филозофски факултет – Скопје

Институт за педагогија

Последипломски студии по *Менаџмент во образованието*


# Организација и реализација на примената на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература

– магистерски труд –


Кандидат:

Биљана Атанасовска

Ментор:

Проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ



Скопје, 2016

**Кратка содржина**

Фокусот на овој магистерски труд е насочен кон генералната хипотеза која се однесува на организацијата и реализацијата на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература и позитивните придонеси од таа примена, како и сите хипотези кои приозлегуваат од главната хипотеза, а служат за нејзино докажување.

Како главни поими кои се издвојуваат се театарот, неговата поврзаност со предметот македонски јазик и литература, како и насоките и придобивките кои ги имаат учениците и наставниците од организирањето и реализирањето на неговата примена во наставата. Вториот главен поим е филмот, неговата поврзаност со наставата по македонски јазик и литература, како и неговиот придонес за полесно совладување на материјалот предвиден со годишната програма по предметот.

Во склоп на магистерскиот труд, опфатено е и истражување, во форма на интервјуа и анкети, со наставниците по македонски јазик и литература, учениците од средните училишта во општина Битола, педагошко-психолошката служба при училиштата, менаџерите на средните училишта, менаџерите на културните институции НУ Народен театар-Битола и НУ Центар за култура – Битола, како и претставник на подрачното министерство за образование при Општина Битола.

Преку добиените резултати донесени се заклучоци околу хипотезите поставени во овој труд, коишто се однесуваат на позитивното влијание и придонес од примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература.

**Abstract**

The main focus of this master paper is single minded to the general hypothesis, which is refered to the organization and realization of the use of theatre and movie in the school subject Macedonian language and literature, positive acquisition of that use and also to all of other hypotheses which originate from the general hypothesis and serve to prove it.

As primary notion which singles out is the theatre, his strong conection with the subject Macedonian language and literature, as well as the directions and benefits for the students and teachers which arise from it`s use.

The second notion is the movie, it`s conection with the subject Macedonian language and literature, as well as his contribution for easier overcoming of the subject`s material.

In this master paper a research has been included, a research in form of interviews and questionnaires, intended for the teachers, students, pedagogical and psychological service, managers of the highschools, managers of the cinema and theatre institutions, as well as a member of the education department in the municipality of Bitola.

Through the results, a conclusion has been brought, connected with the hypotheses set in this paper, which are refered to the positive influence of theatre and movies and their use in education.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД 1

I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП 4

1 ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ 4

1.1 Организација и реализација 4

1.2 Функции на современиот наставник, условени со примената, користењето на современите образовни технологии 5

1.3 Наставникот како планер, програмер, организатор и реализатор на воспитно-образовниот процес 5

1.4 Поим за наставен медиум (наставни средства) 6

1.5 Видови наставни медиуми 7

2 ТЕАТАРОТ И ФИЛМОТ КАКО НАСТАВНИ МЕДИУМИ 8

2.1 Театар 8

2.2 Филм 11

2.3 Програмското подрачје ЛИТЕРАТУРА како дел од предметот Македонски јазик и литература 13

3 РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА 14

3.1 DICE (Драмата ги подобрува клучните компетенции во образованието) 14

3.2 Аугусто Боал – „Театар на угнетените" 19

3.3 Форум – театар 19

3.4 Театарот во образованието (ТВО) 21

3.5 Структурата на театарот во образованието 22

3.6 Паоло Фрер и Педагодијата на угнетените 23

3.7 Образованието како угнетување 23

3.8 Филмот во образованието 27

3.9 Структура на наставен час со користење на филм 30

II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 39
1 ПРЕДМЕТ НА ИСТАЖУВАЊЕТО 39
2 ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 40
3 ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 41
4 ХИПОТЕЗИ 42
5 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 43
6 МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 44
7 ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК 45
8 СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ 46
9 ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 47
III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 48
IV ЗАКЛУЧОК 76
V ПРЕПОРАКИ 78
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 80
ПРИЛОЗИ 83
ИНТЕРВЈУ 89

# ВОВЕД

Живееме во современи услови, кога општеството ни нуди многу начини и извори на учење. При учењето треба да ги користиме сите расположливи средства до кои можеме да дојдеме. Наставната програма по предметот македонски јазик и литература се разликува од останатите предмети по нејзината ширина. Кога велам ширина мислам на можностите кои ги нуди и прашањата кои ги отвара, особено на часовите од подрачјето литература. Литературата е тесно поврзана со театарот и филмот како уметности кои на еден или на друг начин произлегуваат од неа. Литературата и филмот, театарот и филмот се изразни форми премногу различни за да можат да се изедначуваат, сликата им се обраќа на сетилата – текстот му зборува на мозокот, на фантазијата, подвлекува Луј Феад, еден од пионерите на филмот. Без литература не би постоел ниту театар ниту филм. Визуелизацијата е еден од најважните елементи на обработката на едно дело. Книгата како извор станува недоволна за да целосно се исперципира една приказна. Основната борба и задача на учениците е да ја прочитаат книгата. Тоа е неизбежен дел од часовите. Меѓутоа, работејќи на основниот начин на обработка на познато литературно дело се доведуваме во ситуација и ние наставниците, а и учениците, на сувопарност и монотонија која не ни нуди нови погледи на делата, специфични сфаќања на истите и обработка која нуди мултимедијални решенија со цел олеснување на процесот на учење и сфаќање. Токму поради тоа во оваа магистерска се обработени организацискиот и реализациониот аспект на примената на театарот и филмот, како и локалната заедница која треба да им овозможи на младите луѓе (средношколците) пристап до театарски и филмски претстави кои ќе се стават во функција на нивната едукација, образование, воспитување и растење.

Отвореноста, емпатијата и одговорноста се фундаментите на активното граѓанство, плурализам, солидарност и цивилен дијалог. За да се зголеми отвореноста, емпатијата и одговорноста во општеството, ние мора да ги таргетираме децата и младите. Децата се членови на утрешното општество, способни за нови идеи, со карактери кои се развиваат. Ние треба да поттикнуваме што повеќе деца да го разберат значењето на демократијата, да бидат чувствителни, да сочувствуваат со социјалните проблеми, да имаат способност да поставуваат важни прашања со што ќе станат отворени, одговорни и емпатични. За да се допре до децата нам ни треба алатка која ќе ги заинтересира и фокусира. Треба да ги учиме преку уметничките форми на театарот и

драмата и преку драмските ликови и приказни во кои учениците стануваат активно ангажирани во истражувањето на моралот, општеството, што значи да бидеш човек во современиот свет. На овој начин тие стануваат активни граѓани кои мислат.[1]

Имајќи во предвид дека во современте училишта е присутен широк круг на извори на знаење, за кои се користат одредени технички помагала, се зголемува квалитетот на знаењата, а со примената на образовната технологија се подобрува квалитетот на знаењата. Со цел постигнување на што подобар квалитет, нужно е што повеќе да се користи современата образовна технологија. Наставникот има ИНТЕГРАТИВНА улога, од него се очекува да поврзе единствена акциона целина во школскиот амбиент, наставните програми, однесувањето на учениците и начинот на работа. Од таа интегративна улога произлегуваат многу специфични улоги на наставникот како што се планирање, иницирање, поттикнување, организирање, насочување, водење, моделирање, набљудување, анализирање, вреднување, коригирање и осовременување на текот и динамиката на наставниот процес. Очигледно е дека улогите на наставникот се бројни, разновидни, зависни меѓу себе, специфични и комплексни. Од личноста и активноста на наставникот зависи целокупната работа и животот во училиштето, организирањето и изведувањето на воспитно-образовната работа, квалитетот на усвоените факти, како и нивната функционална поврзаност со објективната стварност. Од наставникот се бара да поседува солидна општа култура, да ја познава содржината на предметите кои ги предава, да ја познава педагогијата, психологијата, проблемите на младите кои ги учи, нивните лични својства, интереси, предзнаења и способности, да се познава себе си како човек и да владее со себе. За успешна акција, комуникација и интеракција, значајна е флексибилноста, трпението, толеранцијата, љубезноста, разбирањето на проблемите, ентузијазмот, способноста учениците да се поттикнат со забелешките и пофалбите, оспособување на учениците сами да ги решаваат своите проблеми и објективно да ги вреднуваат резултатите од својата работа. Врз основа на изложеното, може да се констатира дека улогата на наставникот во современата настава е содржана во:

[1] Мицев, М.,(1978), Психоанализа и театар, Просветно дело, Скопје, стр 17

- Вклучување во образовните информации;
- Следење на новите стручни откритија, како и нивна примена во општеството;
- Зголемена ангажираност во планирањето и реализирањето на целите и задачите на воспитувањето и образованието;
- Воведување на иновации и современа технологија во наставата;
- Оптимално користење на наставни средства, дијафилмови, наставни филмови, компјутери итн.
- Зголемена одговорност во развивањето на општествената свест на младите и нивно оспособување на самообразување;
- Насоченост кон воспитување и мотивирање на ученикот;
- Неопходноста од зголемено користење на образовните технологии со цел поголем квалитет во работата;
- Зголемена одговорност за квалитетот на комуникацијата со учениците бидејќи тоа влијае на преносот, приемот, разбирањето и усвојувањето на информациите;

Неминовноста да се занимава со истражување и резултатите од своите и туѓите истражувања да ги применува во пракса.

# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП

## 1 ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

### 1.1 Организација и реализација

Менаџментот е „универзален процес на ефективно извршување на работата со помош на други луѓе и ресурси со цел остварување на дефинираните цели".[2] Основни функции на секој менаџерски процес се планирање, организирање, координирање, мотивирање и контрола. Образованието и воспитанието претставуваат систем, сложена целина со своја структура и функционалност во која доаѓа до многу интеракции. Гоцевски објаснува дека организацијата претставува „осмислување на развојот на производствените сили, поврзување на трудот, обединува материјални, човечки, финансиски и други ресурси од политички, економски, културен и друг општествен интерес".[3] Оттука, организацискиот аспект е во центарот на ова истражување. Менаџирањето на односот и соработката помеѓу средните училишта и локалната заедница, конкретно институциите задолжени за театарската и кино уметноста. Начинот на кој можат овие институции да придонесат и помогнат во подобрувањето на квалитетот на програмата по предметот македонски јазик и литература. Исто така, направени се интервјуа со менаџерите (директорите) на средните училишта со цел да се извелече информација за нивото на соработка и подготвеноста на училиштата со нагледни средства за спроведување и реализација на часови во кои ќе се применат театарот и филмот како фактори за подобар квалитет на наставата по македонски јазик и литература.

[2] Гоцевски,Т.,(2003) Образовен менаџмент, второ издание, Македонска ризница, Куманово, стр.26

[3] Гоцевски, Т.,(2003) Образовен менаџмент, второ издание, Македонска ризница, Куманово, 2003, стр.266

## 1.2 Функции на современиот наставник, условени со примената, користењето на современите образовни технологии

Уважувајќи ги животните услови и трудот денес, а особено развојот на општеството, науката и техниката, научно-технолошката револуција е насочена кон тоа со современото образование да го оспособи човекот да ги сфати и усвои основните научни и техничко-технолошки достигнувања, со нивна помош да ја развива и збогатува својата личност, да ги користи во процесот на стекнување нови знаења, унапредување на социјалните односи и афирмација на сопствената личност. Образовниот систем треба да ѝ овозможи на темелно образованата личност, способна да ги прати техничко-технолошките достигнувања, перманентно да се образува и своето образование да го стави во функција на изградба на подобар живот. Доколку е во можност да ги реализира целите на воспитувањето, да овозможи на секој поединец да ги развие своите потенцијали и да реализира некои од основните задачи. Со оглед на брзиот развој, науката и техниката влијаат на проширување на знаењата, една од задачите на училиштето е усогласување на содржината на образованието со побарувањата на научниот и технолошкиот прогрес.

## 1.3 Наставникот како планер, програмер, организатор и реализатор на воспитно-образовниот процес

Наставникот го припрема и планира воспитно-образовниот процес, тргнувајќи од наставниот план и програма. Тој го планира фондот на часови, типот на часовите, обликот и методите на работа, користењето на наставните средства, како и начините на пратење и вреднување на наставата. Во зависност од мотивираноста и степенот на педагошка и техничка култура, наставникот го планира и користењето на аудио-визуелните наставни средства, вклучувајќи го и компјутерот. Научните и техничките достигнувања му налагаат на современиот наставник да истражува нови извори на знаење, ефикасни методи и облици на работа, како и современи наставни средства, чија крајна цел е осовременување на наставата. Во услови на брз развој на науката и техниката, функциите на современиот наставник се осовременуваат, па затоа во неговата работа неопходно е и програмирањето. Програмирањето нас нè упатува на тоа да се предвиди што, кога и кој ќе изврши, како ќе се прати извршувањето и како ќе се вреднува одредена активност. Наставникот во функција на организатор треба да ги контролира и насочува активностите на ученикот и така да придонесе за поттикнување

на самостојната работа, слободата, креативноста, иницијативата и љубопитноста, а исто така и на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во целост. Познато е дека наставникот е најодговорен за реализација на планот и програмата на воспитно-образовниот процес, како и резултатите од него. За во тоа да биде успешен, наставникот мора добро да го познава предметот кој го предава, да ја познава педагогијата, психологијата, дидактиката и методиката. Мора да ги сака децата, да има развиени креирачки способности, да умее успешно да комуницира и да ги поттикнува интерперсоналните односи, да создава поволна педагошка клима во ученичкиот и наставничкиот колектив, да ги познава учениците и да соработува со нивните родители и социјалната средина.

## 1.4 Поим за наставен медиум (наставни средства)

Терминот *медиум* доаѓа од латинскиот јазик и означува среден, во средина. Според тоа, во секојдневниот говор се применува како збор кој означува средство кое има посредувачка улога и пренесува информација. Во педагошката наука овој термин се користи во различни контексти. Проф. Стојановска[4] вели дека со поимот *медиум* се означуваат разновидните видови педагошки и информациски влијанија, како што е медиумската педагогија која го проучува користењето на масовните медиуми во функција на воспитно-образовните цели. Примената на медиумите во наставниот процес го проучува мултимедиската дидактика. Според германскиот дидактичар Дохмен, дидактичкиот поим медиум означува носител/посредник на информации во дидактички функционални врски. Изразот *наставен медиум* не постои во *Педагошката енциклопедија*[5]. Таму е дадена дефиницијата за наставни (дидактички) средства за кои е наведено дека тие се дидактички обликувани, објективно дадени предмети, појави, производи на човековата работа кои во наставата служат како извори за сознавање, односно учење. Наставните средства се извори на знаење, односно објекти за сознавање.

---

[4] Стојановска, В. (2012), *Наставни медиуми*, Филозовски факултет, Скопје, стр. 15;

[5] Potkonjaka, N.; Šimleše P. (1989), Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.

## 1.5 Видови наставни медиуми

Постојат најразлични и бројни наставни медиуми кои со развојот на техниката сè повеќе се диференцираат, комбинираат и усовршуваат. Според Т. Продановиќ, системот на наставните средства го сочинуваат следниве групи.

- Вербални воспитно-образовни средства – збор, говор;
- Текстуални воспитно-образовни средства – пишани текстови, зборови, записи на табла, пароли, легенди, летоци итн.
- Визуелни воспитно-образовни средства – природни објекти, макети, фотографии, дијафилмови, неми филмови, сликовници, албуми, цртежи, скици итн.
- Аудитивни воспитно-образовни средства – звучни појави во природата, музички инструменти, грамофонски плочи итн.
- Аудиовизуелни воспитно образовни средства – ТВ емисии, звучни филмови итн.
- Мануелни воспитно-образовни средства – алатки, машини, прибор за работа на учениците, материјали за работа;
- Експериментални воспитно-образовни средства – експериментални апарати и уреди, инструменти итн.

Помошно-технички воспитно-образовни средства – табли, покажувачи, прицврстувачи, технички уреди, проектори итн.

# 2 ТЕАТАРОТ И ФИЛМОТ КАКО НАСТАВНИ МЕДИУМИ

## 2.1 Театар

Се оформува како ритуална активност која содржела мистични игри кои отсликувале некаква експресија насочена кон боговите. „Театарот како дисциплина потекнува од Стара Грција, а особено бил развиен во Атина"[6]. Театарот не бил слика само на уметничките експресии, туку тој бил и општествена алатка, политичка сила која влијаела на социјалните односи помеѓу луѓето. Децата кои имале право да се образуваат уште од најмлади години доаѓале во контакт со театарот, а особено со делата, трагедиите и комедиите на познатите старогрчки драматурзи[7].

Во склоп на програмата по предметот македонски јазик и литература се работат голем број дела кои нашле своја реализација на театарските штици. Секое дело е обработено т.е. преработено во театарска претстава, со што се нуди еден нов поглед на нешто коешто учениците го примаат исклучиво во книжна верзија. Пред многу години човекот својата потреба да раскажува приказни и да ги игра, ја начнал во идејата тоа да го прави пред публика. Лутајќи од место во место, водени од природните потреби за претставување, посветувајќи ги игрите на некој бог или богови, луѓето театарот го прикажувале онака како што знаеле – со текст, песна, игра.[8] По некое време, барем така велат легендите, се задржале на едно место. Тогаш авторите, оние надалеку познати писатели на драми се натпреварувале кој помоќно ќе го прикаже сето она што луѓето го знаеле. Било дел од нивниот начин на живот. Некој моќен властодржец тоа го препознал како одлична идеја и решил да го поддржи, зашто му било важно да има медиум каде ќе може да се каже/прикаже она што е важно за човечката заедница, односно, она што и нему како водач на народот, ќе му биде важно да го каже. Така почнува другата страна од приказната за театарот. Онаа што не е романтична, што не се затскрива зад митовите и ритуалите, онаа што човекот го поставува исправено пред предизвикот да се каже и прикаже својот став. Театарот по дефиниција треба да предизвика катарза, прочистување, емотивен климакс кој треба да се реши со помош на

---

[6] Шепард, С.,(2009), Театар, тело, задоволство, Табернакул, Скопје, стр 17

[7] Матевски, М., (2005) Драма, Театар, Матица македонска, Скопје, стр. 54

[8] http://kritika.mk/album/teatar-pochetok-ili-kraj-se-edno/14.02.2015/

тоа што се гледа пред нас. Театарот како медиум има огромно влијание врз оние кои го практикуваат и перципираат. Токму од тие причини треба да се инсистира на негова примена во наставата затоа што преку неговото влијание учениците оформуваат поотворена слика кон светот, ја исцртуваат својата иднина, но истовремено остануваат цврсто поврзани со своите корења, со своето национално и културно минато.

Од самото институционализирање на театарот во античкиот свет, театарот бил препознаен и (ис)користен како медиум. И тоа најмоќниот и најсилниот медиум во тоа време. Театарот е местото коешто дозволува да се создаде магијата и да се поверува во невозможното. Имајќи предвид дека античкиот грчки театар го гледал масовна публика, тој е најстариот и најреспектираниот масовен медиум, воопшто. Неговата моќ се гледа во непосредниот допир со публиката и во можноста да се оствари заемна комуникација со публиката. Неговите можности се големи. Со тоа што се говори пред публика од 5000 до 35000 луѓе, постои огромна можност да се проговори за тоа што треба јавно да е осознаено. Неслучајно, можностите на античкиот театар ги препознале тогашните владетели, тирани, кои го финансирале античкиот театар и одржувањето на Дионизиските свечености. Освен големите можности кои театарот ги стекнувал во текот низ вековите, треба да се детерминираат и неговите ограничености како медиум. Театарот зачнат во пратеатарските форми, од праисториските, митските, ритуални облици, се етаблира во силен медиум. Овие скоро дваесет и шест векови во кои постои како канонизирана форма на уметност постојано доминира со својата вонредна моќ да се комуницира со масовната публика. Долги години тој и беше единствениот медиум за масовна култура. Сè до пробивањето на печатот, радиото, телевизијата, а најмногу со продорот на интернетот од деведесеттите години на минатиот век до денес, театарот важеше за уникатен медиум, а со тоа поседуваше и сопствен привилегиран статус. Таквиот статус е лесно објаснив. Публиката што го гледа светот што го создава човекот што чекори, од почетните фрагменти на текстот на Питер Брук е поврзана со клучниот емотивен топос – што наследниците на Аристотел го дефинираа како катарза. Ако се поврзува со моќта на идентификацијата и препознавањето, преку катарзата/чистењето на емоциите, па сè до креацијата и потенцијалниот нов свет што го создава, тогаш театарот успева на силен начин да комуницира со својата публика. Неговите есенцијални медиумски својства се препознаваат насекаде низ светот. Човекот создал

нешто што му е иманентно и лично – да прави приказни и да ги прикажува. Со тоа, театарот е совршен медиум за масовна комуникација.[9]

[9] Стојаноска, А., „Новите медиуми како предизвик за театарот", абстракт, стр.94

## 2.2 Филм

Медиумот на подвижните или движечките слики, филмот, претставува спој на уметноста и технологијата, која со помош на средството за регистрирање - камерата, регистрира една нова стварност.[10] Филмот како естетски, уметнички производ е составен од повеќе визуелни елементи. Иако во себе ги сублимира елементите од некои други комуникациски медиуми, како што се театарот, литературата, сликарството и фотографијата, природата на филмот е посебна, автентична и неповторлива. Преку визуелизацијата на иреалното, филмот врши силно влијание на перцептивниот систем кај човекот и претставува медиум кој на екранот произведува движења и идентификација кои се посилни од која било друга уметност. Во почетоците на филмската историја, со појавата на немиот филм, движечките слики што се редат една по друга на големото филмско платно, го одземаа здивот на гледачите. Магичната возбуда што ја предизвикуваат движечките слики трае непрекинато, со уште поголем интензитет. Денешниот, современ филм произведува фасцинирачки филмски слики кои сега се надополнети со неверојатни сценски и визуелни ефекти, потпомогнати од модерните филмски техники. Со примената на монтажата и современата дигитализацијата на филмот, денес, речиси не постои сцена, која не може да биде изведена. Голем дел од делата кои се работат во склоп на наставната програма по предметот македонски јазик и литература нашле своја филмска реализација и се филмувани на големото платно. Преку проектирање на овие филмски реализации, ученикот ги проширува своите аспекти на приоѓање кон едно литературно дело, па така покрај книгата, како дополнителен извор на информација може да ја искористи и филмската реализација.

Во денешно време филмот е значаен извор за стекнување на знаења од културата, науката, уметноста и слично, но исто така и привлечно средство за културно влијание. Филмот сè повеќе се применува како средство за едукација. Проф. Стојановска, во нејзиното дело „Наставни медиуми"[11] истакнува дека треба да се прави разлика меѓу поимите наставен филм и филм во наставата. Наставните филмови претставуваат дидактичко-методски обликувани филмови кои обработуваат одредена наставна тема или прикажуваат само некои делови од одредена програмска содржина.

---

[10] http://makedonija.rastko.net/delo/11762/ 2007-12-18

[11] Стојановска, В. (2012), *Наставни медиуми*, Филозовски факултет, Скопје, стр.65;

Филмовите кои пак се користат за потребите на наставата може да бидат: документарни, играни, анимирани, експериментални, образовни и пропагандни. Двобојот помеѓу книгата и филмот, особено во последниве неколку години кога технологијата достигна врвни можности е сè поактуелен. Книгата е извор на многу знаења и овозможува самостојно креирање на свет кој ученикот го оформува, гради на начин на кој самиот замислил. За разлика од таа можност филмот дава готова верзија на приказната и гледачот нема избор освен да го прифати она кое режисерот му го пласира и на истиот тој начин да ја оформи сликата за дејството во филмот. Живееме во време на мрзливи генерации на ученици на кои поедноставно, а може да се каже дури и подостапен им е филмот, отколку книгата. Филмот е во секое време достапен на интернет, додека пак книгите ретко кога се наоѓаат во дигитална верзија.

## 2.3 Програмското подрачје ЛИТЕРАТУРА како дел од предметот Македонски јазик и литература

Кога ќе се направи еден пресек на програмите по македонски јазик и литература[12] за средно стручно и гимназиско образование, како резултат се издвојуваат следниве дела од кои имаме театарски и филмски реализации соодветни за дополнување на часовите предвидени за нивна обработка. Во прва година се издвојуваат делата: „Илијада", „Одисеја", „Панонски легенди", „Гилгамеш", „Народни песни и творби", „Цар Един", „Александар Македонски", „Галебот Џонатан Ливингстон", „Библија" (Евангелија од Новиот Завет), „Скржавец" од Плаут, „Тристан и Изолда", „Шагренска кожа" Балзак, „Вујко Вања" Чехов. Во втора година се издвојуваат делата: „Божествена комедија", „Канцониер", „Хамлет", „Дон Кихот", „Тартиф", „Странствувањата на Чајлд Харолд", „Евгениј Онегин", „Декамерон", „Македонски народни приказни", „Сон на летната ноќ", „Сид", „Клетници", Во трета година наствната програма ги предвидува делата: „Страданијата на младиот Вертер", „Чичко Горио", „Злосторство и казна", битовите драми: „Македонска крвава свадба", „Печалбари", „Парите се отепувачка", „Чорбаџи Теодос", поезијата на Рацин „Бели мугри", романите „Улица", „Крпен живот", „Малечката Фадета", „Авантуритена Артур Гордон Пим", „Горски венец", „Ревизор", „Две Марии", „Недоразбирање",„Сто години самотија", а во четврта година предвидени се делата: „Пиреј", „Црно семе", „Големата вода", „Зора зад аголот", „Диво месо", „Црнила", „Парадоксот на Диоген", „Чекајќи го Годо", „Странецот", Чеховите раскази и драми, „Процес", „Смртта во Венеција", „Проклета авлија", „Демијан", „Генералот на мртвата војска". Сите овие дела имаат своја театарска или филмска верзија што ги прави достапни за наставниците за примена во склоп на часовите од подрачјето литература.

[12] www.bro.gov.mk

# 3 РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

## 3.1 DICE (Драмата ги подобрува клучните компетенции во образованието)

Според извештајот кој го објави Извршната агенција за образование, култура и аудиовизуелни политики (EACEA, Eurydice and Policy Support)[13] во 2012 година се развива концептот за клучни компетенции, кој во последниве години добива на важност. Мнозинството европски земји направија радикални промени вградувајќи ги клучните компетенции во националните курикулуми. На ниво на ЕУ се дефинирани осум клучни компетенции[14], кои претставуваат комбинација на знаења, вештини и ставови кои се сметаат за неопходни за лично исполнување и развој, активно граѓанство, социјална инклузија и вработување:

Комуникација на мајчин јазик;

Комуникација на странски јазици;

Математичка компетенција и основни компетенции во природните науки и технологијата;

Дигитална компетенција;

Учење како да се учи;

Социјални и граѓански компетенции;

Чувство на иницијативност и претприемништво;

Културна свест и експресија.

Врз основа на овие компетенции направено е истражување/проект обединет под името DICE[15] (Драмата ги подобрува клучните компетенции во образованието). Во интернационалниот проект на Европската Унија наречен ДИЦЕ (Драмата ги подобрува клучните компетенции во образованието) во кој учествувале практиканти на драма и театар од дванаесет земји Унгарија, Чешка, Холандија, Норвешка, Палестина, Полска,

[13] http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/

[14] http://eur-lex.europa.eu/

[15] http://www.diceproject.ie/2004-2007

Португалија, Романија, Србија, Шведска, Словенија и Велика Британија со најшироко теоретско и практично знаење, ги споиле своите сили со академски образовани психолози и социолози за да го мерат импактот, влијанието на едукативната драма и театар преку кроскултурна истражувачка студија за ефектите од едукативниот театар и драма на пет од осумте компетенции за доживотно учење. Хипотезата се однесува на тоа дека драмата и театарот имаат силно влијание врз пет од осумте компетенции. Издвоени се овие пет[16]:

1. Комуникација на мајчин јазик;
2. Учење како да се учи;
3. Интерперсонални, интеркултурни и социјални компетенции, цивилни компетенции;
4. Претприемништвото;
5. Културната експресија;

Исто така се смета дека постои една компетенција која воопшто не е спомената, која е универзална компетенција, за тоа што значи да бидеш човек. Таа компетенција била наречена „сето ова и повеќе". Во финалната датабаза на 4475 студенти, од 12 земји кои учествуваа во 111 различни типови на едукативна драма и театар програмите. Собрани се податоци од студентите, нивните наставници, лидери на групите за театар и драма, независни набљудувачи, надворешни учесници, како и експерти за драма и театар.

Што ни кажува истражувањето за оние ученици кои редовно практикуваат драма и театар, споредено со оние кои не пракрикуваат драма и театар, практикантите на драмата[17]:

- Повисоко се оценети од своите соученици во секој аспект;
- Се чувствуваат посигурни во читањето и разбирањето на задачите;
- Се чувствуваат посигурни во комуникацијата;
- Зголемена креативност;

[16] http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice

[17] http://www.dicepro ject.ie/

- Повеќе уживаат во училишните активности;
- Повеќе сакаат да одат на училиште;
- Полесно ги решаваат проблемите;
- Полесно се справуваат со стресот;
- Потолерантни се кон малцинствата и странците;
- Стануваат поактивни граѓани;
- Покажуваат интерес за гласање на секое ниво;
- Учествуваат во јавни настани;
- Поемпатични се, се грижат за другите;
- Поспособни се за промени на нивните перспективи;
- Поиновативни се и се добри претприемачи;
- Попосветени се на нивната иднина и имаат повеќе планови;
- Имаат повеќе волја да учествуваат во какви било уметности, изведувачки уметности, пишување, музика, филм, рачна изработка;
- Поминуваат повеќе време во училиште, повеќе читаат, работат дома, играат, зборуваат, поминуваат повеќе време со членовите на семејството, се грижат за своите помали браќа и сестри, а помалку време поминуваат во гледање телевизија и играње видео игри;
- Прават повеќе за нивните семејства, покрај училиштето, имаат и работа со скратено работно време;
- Често се централни ликови во класовите;
- Имаат подобра смисла за хумор;
- Се чувствуваат подобро дома.

Како најважна компетенција врз која има влијание театарот е првата и основна компетенција, комуникација на мајчин јазик. Ефикасната комуникација на мајчиниот јазик и странските јазици е фундамент на човечката социјална интеракција, како во интеркултурен контекст, така и во секоја форма на едукативна работа. Овие компетенции се клучни области за тренинг и квалификување на тренерите во

европската младинска работа. За јасност на начинот на кој ги гледаме јазичните компетенции во реалција со компетенциите кои се бараат од тренерите, ние првично ќе се соочиме со проблеми поврзани со мајчиниот јазик, а потоа кон странските јазици. Првично треба да се повтори дека применетите јазици содржат битен културален елемент, изразуваат одреден однос на умот, емоционална распореденост и когнитивна структура. Јазикот ја прави социјалната средина достапна и им помага на индивидуите да развијат перспективи, карактер и начини на перцепција. Јазикот го одредува стилот и го оформува светот на луѓето и нивните погледи на околината. На крајот на краиштата, квалитативното богатство на различните култури е резултат на напорите да артикулираат и да се разликуваат. Јазикот зазема главна улога во тој процес. Но, јазик кој се базира на структурирано мислење и адаптиран на субјектот, објектот и ситуацијата за интеракција, ретко се наоѓа денес. Интеркултурниот дискурс не само што бара развиени јазични способности (особено на мајчиниот јазик), но исто така и адекватно знаење. Едноставните компетенции не можат да го заменат знаењето. Но знаењето треба да биде пренесено на начин на кој се прилагодува на таргет групата и ситуцијата на која се однесува.

Прашањето на употребата на јазикот (мајчиниот) бара развивање и пракса на употребата на експресивен јазик со други зборови обичајот на користење формулации кои дозволуваат дискутирање на проблеми од објективна, а не субјективна или емоционална природа. Земено, според тоа дека реалноста се перципира субјективно. Овој фундаментален услов добива додатна важност во мултикултурни ситуации каде е потешко објективно поврзување со другите вклучени во комуникацијата и постои зголемена потреба од интерпретација на реалноста.

Истражувањата покажале дека сите форми на креативни уметности се доста ефективни во интерперсоналните и интраперсоналните комуникации, како и во олеснувањето на изразувањето. Театарот како алатка за комуникација отвара можности за дискусии и разговори на разни теми, особено на теми поврзани со различностите меѓу луѓето[18].

Употребата на театарот како ефективна алатка во едукацијата на младите луѓе наоѓа своја база во клучните психолошки теории. Социокултурните теории

[18] www.mothertongue.co.za

произлегуваат од теориите на Виготски и Бандура. Виготски[19] нагласува дека учењето е вметнато во социјалните настани и се случува додека индивидуите се во интеракција со други човечки суштества, предмети и настани во околината и така учениците учат што е важно во нивната култура. Слично на Виготски, Бандура ја нагласува важноста на набљудувачкото учење, однесувањето и емоционалните одговори на учениците и нивните емоционални реакции кон предметите на тоа набљудување.

Театарот во образованието може да произведе можности за учење кои се особено моќни поради влијанието на театарот врз членовите на публиката, врз нивната емотивна и когнитивна состојба.[20]

Традиционално, театарот се користи како платформа за дидактичките еднонасочни процеси за доставување информација до публиката и пошироката јавност. Како таков, има ограничен потенцијал за да изврши промена кај публиката. За да оди кон поголема вклученост на публиката во театарот, се појавува поимот *participatory theatre* (учествувачки театар, ангажиран театар), кој може да биде корисна алатка за развој на заедницата и за социјални промени.

Учествувачкиот театар може да вклучи:

- Општествен театар (театар на заедницата) – направен од и за заедницата, кој разработува теми релевантни за специфичен дел од заедницата;
- Театар-дискусија – каде публиката е поканета во активна дискусија за конкретен дел од театарското дело и може да се вклучи за време на изведбата или по нејзиното завршување;
- Форум-театар – публиката е охрабрена да се вклучи во претставата, па дури и да влезе во изведбата. Тоа е популарна форма на театар во кој партиципиентите, нивните искуства и сфаќања се користат за креирање слики и сцени слични на нивниот живот. Форум театарот е развиен од Аугусто Боал (Augusto Boal)[21]. Форум-театарот е многу релевантен бидејќи во себе ги инкорпорира елементите на дискусија и заедница, активирање на гледачите, во случајов учениците.

[19] Vigotski, L.S. (1996): Problemi opšte psihologije, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

[20] www.constablecare.org.au

[21] Boal, Augusto, Theatre of the Oppressed, www.organizingforpower.org

### 3.2 Аугусто Боал – „Театар на угнетените“

Аугусто Боал е бразилски драматург, кој во период од 40-годишна работа, во различни делови од светот ги развил техниките на т.н. „Театар на угнетените". Боал започнува со принципот дека театарот, како и јазикот, може да биде соодветен за секого, сè додека се применуваат методите. Преку серија на вежби, игри, техники и драмски форми (од кои најчесто се користи форум-театарот), целта е да се разбере социјалната, општествената реалност, за потоа да може да се промени. Средношколците како дел од иднината на една земја и како личности во оформување, имаат потреба од насоки и начини како да пристапат кон општествената реалност и како да ја прифатат, разберат и да станат активни учествувачи во неа. Според Боал, театарот има огромно влијание врз таквото оформување.

Како во „Учењето на угнетените" на Паоло Фрер[22], така и во „Театарот на угнетените" нема простор за пасивни гледачи. Постои само време за набљудување и време за реакција. Во 1971 Боал од политички причини бил принуден да го на напушти Бразил и заминал да живее во други земји од Јужна Америка од кои исто така бил протеран поради нивните политички режими. Отишол во Португалија, а подоцна и во Франција каде живеел повеќе од 10 години и го основал Центарот на театарот на угнетените во Париз.

### 3.3 Форум – театар

Развиен е во Латинска Америка како популистичка форма на театар за да ги раздразни најважните проблеми во животите на обичните луѓе. Работејќи со групи на работници и селани, почетно преку кампањи за описменување, а потоа и пошироко, Боал ги применувал теориите на Паоло Фрер за да создаде форма во која угнетуваните стануваат артисти. Форум перформансот вклучува замена на протагонистите со оние кои гледаат, гледачите, кои всушност не се гледачи туку гледо-актери (SPECTATORS – SPECT-ACTORS) заедно со изведувачите на делото. Делото кое може да биде секаква должина еднаш се игра, а потоа се изведува од почеток. Гледо-актерите кои веруваат дека можат да понудат алтернатива за протагонистите се охрабруваат да викнат СТОП, да ја запрат акцијата и да ја преземат улогата и да пробаат ново решение. Истражувајќи

[22] http://www.pedagogyoftheoppressed.com/about/

и задлабочувајќи се во идејата и реализацијата на Боал на неговиот Форум-театар, наоѓам идеална негова примена во наставата по македонски јазик и литература. Зошто? Најбитниот елемент на неговата идеологија е претварањето на пасивноста во активност. Тоа доаѓа во силна корелација со тенденцијата на образовните институции во нашата држава да ја искоренат традиционалната настава и целосно да ја заменат со активна настава. Активната настава подразбира директна вклученост на ученикот во образовниот процес, во процесот на изучување, учење и научување. Традиционалната настава го поставува ученикот во фиксна позиција, не давајќи му ни можност, а ни реално време да дојде до израз и да го даде своето мислење. Наставникот е оној кој ги управува сите движења за време на часот и ако неговото предавање трае 45 минути, ученикот нема кога да го каже своето мислење. Ваквот начин на работа создава фрустрации кај учениците и ги прави да се чувствуваат бескорисни и истовремено создава нервоза и досада кај нив.

Фрер во својата *Поетика на угнетените*, зборува за тоа дека наставникот треба да биде наставник-актер кој ќе предава жива енергија, ќе генерира електрицитет кој се чувствува насекаде. Доколку таквата слика за наставникот ја поврземе со идејата на Боал за Форум-театар добиваме идеален модел на активна настава. Од една страна имаме наставник кој истовремено е перформер, интерпретатор, глумец, доживувач, особено во наставата по македонски јазик и литература, која дозволува влез во улоги од антички времења, па до современ постмодернизам, а од другата страна имаме активна публика, ученици кои се слободни, активно и своеволно да упаднат во секоја реплика на наставникот-актер. На тој начин се создава училништен форум-театар. Таквата навика која би им се всадила на учениците носи до големиот, вистинскиот театар кој задолжително треба да им нуди на публиката можност активно да партиципира во театарската претстава. Мојот предлог нескромно оди и дотаму што треба да се подготвуваат специјални претстави за средношколци, согласни со нивната програма во кои единствено тие би партиципирале и би создале форумски пристап кон перцепцијата на театарското дело. Учениците како идна публика на која ѝ треба оформување треба да имаат посебни привилегии во театарските институции. Овозможувањето на учениците да разговараат за проблемите кои ги носи едно театарско дело е од големо значење за нив. Тие се чувствуваат битно и сметаат дека нивното мислење има важност.

### 3.4 Театарот во образованието (ТВО)

ТВО програмите се состојат од групи од актери со специјален интерес за едукативниот потенцијал на театарот. Овие групи посетуваат училишта и користат театарски техники за да истражуваат одредена тема или проблем со учениците. Избраната тема, обично е поврзана со животот на учениците, но исто така може да вклучи социјални или политички теми. ТВО програмите им даваат приоритет на образовните цели. За да се постигне целта, ТВО програмите имаат поразличен пристап од традиционалните едукативни стратегии. ТВО ги ангажира учениците во конфликт, којшто е презентиран од актерите и преку активно учество, учениците истражуваат, предизвикуваат и рефлектираат на главната тема во драмата. Она што на сите овие проекти им е заедничко е посветеноста на проучувањето на употребата на театарот како едукативен медиум и на начините за активно учество на публиката во процесот на учењето.

Идејата за театарот во образованието е развиена во Англија во 60-тите години од 20-тиот век. Условите кои довеле до овој иновативен концепт на театарот, биле новите филозофии во образованието кои станале популарни во тоа време. Овие промени во едукативните погледи го сместуваат ученикот во центарот на процесот на учење. Користејќи ги овие услови и поволната социјална и економска клима т.н. Belgrade Theatre, започна со проучување на идејата за „учење преку правење", преку театар. Гордон Валинс и Розмари Бирбек започнаа да работат на идејата дека театарот е помошна алатка во достигнувањето на состојбата „учењето преку правење". Традиционалниот театар е веќе метод во учењето, но тие отидоа чекор понапред и креираа програми во кои целите[23]: ..... во голема мера се поврзани со креирањето на форум за стимулација и развој на имагинацијата кај учениците, развојот на социјалното однесување и развојот на креативната игра...". Со овие цели развиена е првата ТВО програма која ги ангажира учениците да бидат активни, да донесуваат одлуки и ги охрабрува на поскооперативен пристап.

[23] http://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/08929092.2014.958945?journalCode=uytj20

## 3.5 Структурата на театарот во образованието

Структурата на ТВО е многу флексибилна во тоа што секоја програма мора да го користи процесот кој најмногу помага за развивање на темата на која се дискутира. ТВО тимот мора да одбере тема која се совпаѓа со возраста и можностите на групата ученици на кои ќе им биде презентирана. Секоја група е различна, па затоа ТВО тимот мора да ги разбере интересите и потребите на таргетираната група за да ги ангажира членовите на групата да бидат активни. Креирањето на програмата бара проучување одблиску и истражување на областа. ТВО тимовите мора да го сфатат предметот на дискусија ако сакаат да добијат вреден одговор од учениците. Дизајнирањето на програмата значи селектирање на најдобрите и најсоодветните стратегии за развој на вистинското учење кај учениците. Тимот мора да има на ум дека основата на добра програма е способноста за создавање на ефективен театар. Секоја програма мора да има силна приказна и доволен развој на карактерите за да ги заинтересира ученците.

После селектирањето на најефективните цели, ТВО тимот ги избира најдобрите елементи за лансирање на дискусијата и ги воведува учениците во акција. Може да се користат најразлични активности, вклучувајќи: игри, градење на приказна, импровизации, играње на улоги, симулации, обликување, форум-театар, дискусии и анализи. Широколик спектар на области може да биде истражен од добра ТВО програма, но исто така постојат и некои генерални цели. Во ситуација која го охрабрува правењето наместо гледањето, учениците постигнуваат длабоко разбирање на процесот отколку да учат само факти. На овој начин тие креираат сопствен одговор на ситуациите, истражуваат како да решаваат проблеми и стекнуваат способности за донесување одлуки. Затоа што учениците се вклучени во драмски конфликти со карактерите, тие чувствуваат дека можат да ја променат реалноста. Со тоа, од пасивни набљудувачи стануваат динамични и добиваат активна улога и стануваат одговорни во донесувањето одлуки. За да донесат некаква одлука, учениците се вклучуваат во критички суд кој од нив бара длабинска анализа на ситуацијата.

### 3.6 Паоло Фрер и Педагодијата на угнетените

Фрер е бразилски едукатор, филозоф и политички активист. Неговата филозофија за образованието се смета за една од највлијателните и најзначајните во втората половина на XX век. Фрер, во Бразил, се здобил со диплома по право, но сето тоа со големи потешкотии поради тоа што како и голем број од останатите граѓани, бил жртва на политичката и општествената состојба во државата. Тој работел како адвокат, наставник и едукатор за возрасни. Фрер исто така, во 1964 година, развил програма за описменување која била финансирана од бразилската влада. Неговиот проект за описменување првично бил спроведен во мало гратче во Северен Бразил, но откако се покажал како доста ефикасен, на Фрер му било понудено да развие т.н. Национален план за описменување.

### 3.7 Образованието како угнетување[24]

Фрер, преку своите истражувања утврдил дека секој образовен систем одговара на политичкиот и општествениот систем, со сила. Како резултат на тоа, образованието може да го задржи процесот на угнетување (опресија). За да се најде едукативен метод за угнетените, ова угнетување мора да биде трансформирано во објект на рефлексија. Од перспективата на Фрер, традиционалното образование се состои во „депозирање" информации во учениците без рефлексија (одраз) на она што се учело и научило. Наставниците се авторитарни фигури кои го држат сето знаење, а учениците се само пасивни фигури без никаква можност за одговор, анализа или одраз на материјалот кој се учи. Како овие односи ученик-наставник реагираат на идеологијата на моќта?

Традиционалното образование се рефлектира на идеите на оние кои ја гледаат реалноста како статична. Врската наставник-ученик се базира на немоќта на учениците да се придвижат од една епоха кон друга. Ако предавањето не се состои од пракса тогаш структурата ќе се одржува онаква каква што е и функционирањето на наставникот ќе продолжи да биде само „депозирање" информации во учениците. Таа информација не може да биде испитана, докажана или истражена од учениците. Традиционалното образование се состои од анти-динамична реалност. Она за што Фрер расправа е тоа дека образованието треба да содржи пракса, што е истовремено

---

[24] Medina, C L., Theatre of the oppressed and theatre in education a reflection on Paulo Freire's theories. The Ohio State University, 1995, стр 35

рефлексија и акција. Ако предавањето и изучувањето бараат одраз и акција, на тој начи учениците ќе бидат поспособни да се соочат со реалноста. За да се постигне ваков начин на учење, Фрер предложил реструктурирање на релацијата наставник-ученик во дијалошка форма. Наставниците не треба само да ја даваат информацијата, туку треба и да ја споделуваат и да ја анализираат со своите ученици. Фрер рекол дека наставникот станува актер-наставник кој ги втурнува учениците во акција. Актерот-наставник креира сцена за иследување на она за што се дискутира. За да ученикот се ангажира во тоа иследување, Фрер вели дека треба да проблематизира. Методот на Фрер се состои од три фази, сè со цел да се постигне преод (премин), критичност и дијалошко учење.

1. Именување на фазата преку идентификување на проблемот или креирање на прашање за дискусија.
2. Размислувања зошто е состојбата таква и како да се објасни таа состојба.
3. Реагирање на состојбата со цел да се промени. Какви мислења имаме?

Овој процес бил создаден работејќи заедно со актерите-наставници. Целта е ослободување на образованието со што се припремаат учениците за поефективно соочување со ситуациите од секојдневниот живот.

Користејќи ја идејата на Паоло Фрер и Аугусто Боал за создавање на театар кој им овозможува активно учество на публиката, а не само пасивно набљудување на ситуациите ја пресликувам во училницата како еден вид на сцена каде наставникот е актерот во приказната, а учениците се публиката. Целта на секое предавање е давање на некаква информација која реципиентите, во случајов учениците треба да ја восприемат и сфатат. Традиционалното образование ги претвара учениците во пасивни реципиенти кои добиваат готова информација од наставникот и се принудени таа информација да ја складираат во мозочните ќелии за да можат да ја репродуцираат. Педагогот Фрер носи една поинаква замисла за тој начин на предавање. Тој првично не се согласува и го отфрла тој начин на настава, туку предлага активно учество на ученикот во наставниот процес. Театарот како алатка во наставата по македонски јазик и литература се користел во минатото и се користи и денес. Но дали начинот на кој се користи е правилен? Најчесто наставниците им организираат на учениците посета на театарска претстава која соодветствува со одредено дело кое го работат во моментот. Најчесто тоа се случува пред да се обработува делото со што ученикот го користи тоа што го запомнил од претставата и не посегнува по книгата според која е работена претставата.

Читањето на книгата нуди едно уникатно доживување на дејство кое остава длабок впечаток врз ученикот. Првичен е физичкиот контакт со хартијата и контролата која ја има ученикот врз она што го држи во своите раце, во смисла на навраќање на одредени делови, сопирање на одреден дел кој можеби и не е толку јасен, препрочитување. Театарот е временски ограничен и нема можност за сопирање по желба.

Идејата на Боал за т.н. Форум-театар е доста применлива во наставата по мајчин јазик. Имено, со овој начин на перципирање на театарска претстава учениците добиваат можност за активно учество во претставата, за што предуслов е прочитаната книга врз основа на која е работена претставата, а резултатот е разбрано дело. Боал предлага посебен вид на претстави кои траат пократко од предвиденото, правени се врз основа на најбитните делови од едно дело и еднаш се играат пред публиката, а потоа уште еднаш се репризираат при што публиката престанува да биде публика и станува директен учесник во театарската претстава, добивајќи можност да реагира, реплицира, коригира итн. На овој начин добиваме елоквентна публика, која ја гледа театарската претстава со детални предзнаења за делото (претходно е веќе прочитано), но и една постмодернистичка интервенција со која нема повеќе публика и актери, туку сите активно учествуваат во приложеното.

Овој форум-театар е доста применлив во наставата по македонски јазик и литература. Но, за да соодветно се примени мора да дојде до цврста соработка помеѓу театарот и театарската екипа која ја припрема претставата и учениците кои ќе бидат дел од публиката. Тоа би биле кратки претстави кои би траеле 45 минути до саат време и би имале две изведби на вечер, една по друга. Првата изведба е регуларна, без прекинувања сè со цел учениците да ја погледнат театарската изведба на зададеното дело, за време на која учениците можат да фаќаат белешки и да прават концепт за нивното мислење. Следува кратка пауза и започнува втората изведба на претставата. Тука учениците стануваат активни партиципиенти во претставата. Можат да се движат по сцената, може да дојдат во контакт со актерите, можат да им реплицираат на одредени нивни реплики итн. Оваа форма на театар е доста атрактивна, современа и корисна за учениците, а крајниот исход е визуелна меморија и сфаќање на содржината на делото со што ученикот трајно складира информации добиени и заклучени од негова сопствена перспектива. Наставникот или како што Боал го нарекува, наставник-актер претставува мост и патоказ во целокупниот процес. Тој е водич на учениците низ форумот и тој ги насочува и поттикнува во нивната активност. Препреката тука е

отвореноста или поточно затвореноста на театарските институции за еден ваков процес. Колку театарските институции се отворени за еден ваков вид театар? Колку сакаат ваков вид театар? Дали нивните актери се спремни да се соочат со еден ваков предизвик, еден ваков вид театар? Тоа е тема за некое ново истражување.

## 3.8 Филмот во образованието

Филмот е изразито слоевита воспитно-образовна, културна, општествена, економска и технолошка појава со многу широки емоционални, естетски, интелектуални, идејни, етички, социолошки и други влијанија и функции[25]. Материјализирајќи ги вековните желби на луѓето за совладување на просторните, сознајните и другите пречки во целокупниот развиток на општеството, филмот станува, сè повеќе, најмасовна историско-социјална, културно-техничка и воспитно-образовна компонента во секојдневното комуницирање на милионскиот аудиториум од сите возрасти со напластените искуства, сознанија, изуми и со резултатите на највисоките културни, уметнички, научни, економски и општествени промени и постигнувања. Симбол на меѓучовечката комуникација во филмот е сликата во движење наместо зборот. А сликата е посеопфатна и поуниверзална од зборот како јазичен знак. Сликата не бара превод на јазикот што е усвоен. Филмот и литературата како две програмски подрачја во наставата по македонски јазик поседуваат низа сличности, разлики, совпадливости и заемности. Литературните вредности се восприемаат по пат на читање. Владеењето на јазикот и на читањето како вештина и како способност овде е решавачко. Филмските вредности пак, се восприемаат непосредно и масовно, тие се привлечни за најшироката гледачка публика. Филмот е динамичен и ја прикажува стварноста во нејзиниот тоталитет. Синтетизирајќи ги специфичните својства на овие две изразни средства, можеме да подвлечеме дека за литературата се суштествени зборовите, односно нивниот избор и нивното редење, а за филмот – (озвучена) сликата во движење[26]. Зборот е апстрактен материјал, а филмот конкретен. Во литературата се навлегува од апстрактното кон кокретното, од читање на зборови и реченици кон нивното претставување во предмети и настани, внатрешна визуелизација. Гледањето на филмот е обратен процес, од набљудување, забележување, разграничување, изделување до разновидни сврзувања и доводи.

Првиот филм направен според литературно дело, романот „Лакомост" на писателот Френк Норис, го снимил режисерот Ерих фон Штрохајм. Филмот траел осум

[25]Николовски, А., (1982) Филмот, содржините од филмот и нивното оживотворување во наставата, Литературен збор, година XXIX, книга 5, одделен отпечаток Скопје, стр.97

[26]Видаковиќ, М., (1973). Филм и други уметности. Аудиовизуелна технологија васпитно-образовног рада – Филмска култура. Београд, стр. 119-133

часа. Филмот кој е направен врз основа на литературно дело во најголем број случаи значи своевидна редукција, редукција на штета на литературното дело. Зошто тоа се случува? Затоа што филмот треба да биде ограничен на време од саат и половина до два и во тој период не е возможно да ги пренесе сите естетски вредности на едно литературно дело. Затоа и филмот на Штрохајм траел осум часа.

Филмот може да се разгледува од различни аспекти воопшто, па и во наставата. Во развитокот на воспитно-образовната работа по македонски јазик и на наставата по македонски јазик неговиот третман и неговото место, како и функцијата што му е наменувана, биле подложни на постојано менување и развивање. Најдолга е традицијата на филмот како еден од принципите на наствата – принципот на нагледност и како наставно средство. Статусот на филмот во наствата по македонски јазик го сочинуваат компонентите[27]:

- Филмот како едно од програмските подрачја;
- Филмот како една од секциите на слободните активности на учениците;
- Филмот како остварена визуелна и аудитивна нагледност и
- Филмот како едно од современите аудиовизуелни средства во наствата.

Содржините на филмот дури може да се конституираат во посебен наставен предмет.

Вметнувајќи го филмот во програмата по македонски јазик и литература се издвојува еден многу битен сегмент од целиот тој процес, а тоа е самиот чин на гледање на филмот. Гледањето може да биде:

- Според социолошката форма: индивидуално, групно или колективно;
- Според местото: во училишната кино-сала, во училницата или во вонучилишна просторија, вклучувајќи го и посредството на телевизијата во домовите; Кога е во прашање вонучилишна просторија, се покренува прашањето колку локалните кино-сали им се достапни на средношколците, колку се дозволува учениците да ги користат за свои цели и дали учениците

[27] Делчев, Ѓ., (1974) Филм, во кн. Македонски јазик во основното училиште – објаснение на новата наставна програма, материјали од семинари, РЗУШ на СРМ, Скопје, стр. 111-138

треба да плаќаат за да посетуваат кино проекции, особено оние кои им се неопходни за образовниот процес

- Според целта: насочено – заради подготовка на некоја воспитно-образовна активност во училиштето и факултативно – врз основа на личен избор со културно-забавна или со друга цел.

Главните проблеми при спроведување на наставната единица во која е вклучено гледање на цел филм или извадок се:

- Времето – еден школски час во средно училиште трае 45 минути, а просечен филм трае час и половина. Автоматски, времето за гледање на тој филм е сведено на половина. Ќе се запрашаме зошто тоа да не се одвива пред или по часовите? Учениците секојдневно имаат по седум часа што значи дека се преоптеретени и уморни за да останат уште саат и половина во училиштето за да го гледаат филмот. Блок-часовите се идеална прилика за гледање на филм меѓутоа сето тоа зависи од месечниот распоред на сите часови кои ги имаат децата со што уште веднаш се соочуваме со тешко совладлив проблем.
- Техничките средства – ретко кое училиште поседува ДВД рекордер, големо платно или ЛЦД телевизор. Училишна кино-сала е нереален поим кога се работи за инфраструктурата на битолските училишта. Училиштата поседуваат еден до два проектори што значи дека доколку двајца или тројца професори имаат потреба од нив, работата е закочена.

Веднаш се вртиме кон општинските, локалните ресурси кои ги поседуваме, сè со цел да се избегнат двата претходно наведени проблеми: времето и техничките средства. Проекцијата би се закажала вечерно време, пример од 20 часот, а кино салите во градот (конкретно Битола поседува две кино-сали, мала и голема) поседуваат соодветни технички средства. Но тука се јавува третиот проблем-фактор, а тоа се финансиските средства. За да се изнајми малата кино сала се бара сума од 5000 денари, а големата 10-12 000 денари, со што се доведуваме во ситуација учениците да се обврзани доколку сакаат да го гледаат филмот кој е во функција на нивна образовна, професионална надоградба да треба да платат карта од 50-100 денари. Тука би требало да излезе во пресрет Општината која треба да им овозможи на учениците бесплатно изнајмување на кино-салите, сè со цел избегнување на изложување на учениците на дополнителни трошоци. Од моето досегашно искуство, а и во консултација со колегите наставници,

општинските власти никогаш не го направиле тоа и секогаш изнајмувањето на салите морало да биде платено.

### 3.9 Структура на наставен час со користење на филм

Програмата по предметот македонски јазик и литература изобилува со класични дела кои се филмувани. Меѓу најпознатите од нив се наоѓаат делото „Илијада" на Хомер кое е екранизирано во познатиот филм „Троја"[28]. Шекспировата трагедија „Хамлет" која е филумована во истоимен филм, вечниот романтичар Пушкин со неговиот Евгениј Онегин екранизиран во филмот „Онегин"[29], илузионистот „Дон Кохот", Толстоевата „Злосторство и казна" со ликот на Раскољников. Покрај странските дела и нивните филмовани верзии, тука се и македонските драми и романи кои нашле простор на филмското платно. Познатата „Македонска крвава свадба" на Чернодрински преку филмот од 1967 година, филмот „Црно семе"[30] направен врз основа на истоимениот роман од Ташко Ѓоргиевски, „Големата вода"[31] на Живко Чинго и филмот „Денови на искушение"[32] работен врз основа на драмата „Црнила" на Коле Чашуле.

При планирањето и изведувањето на час на кој се обработува филм, потребно е концепциски да се усогласат наставните ситуации и артикулацијата на самиот час. Тој концепт се состои од одредени наставни ситуации[33].

1. **Мотивација на учениците** – мотивирањето е едноставен процес кога се работи за гледање на филм. Учениците без многу прашања или негодувања лесно се согласуваат на гледањето филм на часот бидејќи тоа им изгледа позабавно и невообичаено бидејќи ретко по кој друг предмет имаат можност да го доживеат истото искуство. Емоционалната и рационалната подготвеност на учениците е многу битна тука. Преку разговор да ги

---

[28] *Troy* (2004)

[29] *Onegin* (1999)

[30] *Црно семе* (1972)

[31] *Големата вода* (2004)

[32] *Денови на искушение* (1965)

[33] Стојановска, В. (2012), *Наставни медиуми*, Филозовски факултет, Скопје:

подготвиме за темата која е опфатена во филмот. Рационалниот пристап е исто така многу битен сè со цел учениците адекватно да го перципираат филмот.







**Сцена од филмот „Троја" од 2004 година работен според епот „Илијада" на Хомер**

2. **Најава на филмот** – според моето досегашно искуство најдобро е пред часот посветен на гледањето филм, да се издвои еден час на кој наставникот ќе ја обработи содржината на делото и делото ќе го поврзе со филмот кој го предвидел за гледање. На тој начин ученикот ќе биде доволно информиран за она што го очекува, а и доволно заинтригиран за содржината на филмот кој ќе го гледа. Часот за гледање филм е еден вид на нова ситуација, која отскокнува од вообичаениот начин на одржување на часовите, но сепак е лесно прилагодлива ситуација и учениците брзо се адаптираат на неа.






**Сцена од филмот „Хамлет" од 1990 година работен според истоимената Шекспирова драма**

3. Прикажување на филмот – покрај техничката подготовка која треба да ја подготвиме пред почетокот на прикажувањето на филмот, потребно е да испробаме дали техниката функционира и дали е исправна. Најчести уреди кои се користат за потребите на ваков тип часови се: компјутер, компјутер поврзан на проектор и платно на кое се прикажува филмот, компјутер поврзан на телевизор, DVD- уред поврзан со телевизор итн. Многу е битно сите ученици да имаат добра прегледност и иста визуелна и аудитивна достапност. Пред самиот почеток на прикажување на филмот, на учениците им задаваме задача т.е. прашања кои ќе ги насочат кон проблемско гледање на филмот и ги тераат да размислуваат за најбитните точки од кои е изграден филмот. Одговорите на прашањата и дискусијата по тие точки следува по завршувањето на проекцијата на филмот.



4. Емоционално-интелектуална пауза – самиот збор пауза алудира на одредено време кое им се дава на учениците да ги средат впечатоците од она што го погледнаа во филмот и тоа во себе, во својата глава. Во текот на таа пауза ученикот треба да ги увиди сличностите и разликите на филмот со книгата/делото кое е зададено за обработка. Емотивното доживување на она што се случува во филмот е многу битно бидејќи само на тој начин ученикот на вистински начин ќе ја доживее катарзата која е очекувана. Интелектуалниот предзнак е битен за да ученикот има доволно време да ги среди сите податоци кои ги беше складирал за време на гледањето на филмот и да ги уреди во својот мозок, сè со цел правилна интерпретација и споредба на гледаното и прочитаното.




**Плакат на филмот „Онегин“ работен по сценарио на делото „Евгениј Онегин“ на Пушкин**

5. Слободно изнесување на доживувањата – по периодот на средување на мислите и адаптирање на новата ситуација, ученикот треба на одреден начин да го изрази она што го виде, слушна, доживеа. Тоа може да го направи самостојно или под водство на наставникот и тоа во форма на есеј, разговор, дискусија, дебата, цртеж, поетска творба итн. Различни карактери на ученици на различен начин реагираат на искажувањето на доживеаното. Најчеста форма која се применува и која најчесто ја преферираат учениците е дискусијата, усната дискусија која им е најпримамлива, жива и динамична. Меѓутоа оние ученици кои не се толку агилни во усното изразување, најчесто пристапуваат кон есејот како форма во која можат слободно да ги изразат своите доживувања.







6. Истражувачка дискусија – во оваа етапа настапуваат најсложениот и најважниот процес и за учениците и за наставникот. Тука настапуваат одговорите на најважните прешања кои се дел од личната карта на филмот.

    - Одредување на жанрот на филмот – филмовите кои се прикажуваат во склоп на предметот Македонски јазик и литература најчесто имаат историска, митолошка, љубовна или социјално ангажирана содржина. Доколку на репертоарот се филмови од типот на „Троја", „Хамлет", „Одисеј" тогаш се работи за историско-митолошки филмови кои се инспирирани од едни од најоригиналните и најпознатите светски дела кои влегуваат во годишната програма по предметот македонски јазик и литература. Доколку се прикажуваат филмови од типот на „Макеоднска крвава свадба", „Црно семе", „Денови на искушение", „Големата вода" тогаш се работи за еден жанровски хибрид кој има историски, социјални, љубовно-семејни и воени елементи.

    - Темата на филмот може да биде разноврсна и најчесто учениците немаат големи проблеми во процесот на одредување на темата која е опфатена во филмот.

    - Местото и времето на настанот – за да се одредат овие елементи потребно е ученикот да поседува добро потковани предзнаења кои

потекнуваат од областа на историјата. Кога се работи за македонските филмови кои се работени врз основа на познатите македонски современи романи времето е најчесто поврзано со периодот на отоманското владеење на крајот од 19-ти век и периодот на двете светски војни, како и повоениот период поврзан со комунизмот, егејското прашање итн. Што се однесува на местото каде се одвива дејството во македонските филмови, тоа најчесто е територијата на етничка или денешна Македонија, затвори, домови, градови во соседните земји итн.

- Изнесување на идеите или пораките од филмот – можеби најбитниот елемент на целокупниот процес на примена на филмот во наставата. Тука излегуваат на површина мислите и сфаќањата на учениците, нивните ставови и мислења, нивната имагинација и метафоричност. Она што ученикот ќе го дефинира како идеја или порака од филмот треба да знае соодветно да го спореди со книгата врз основа на која е правен филмот, сè со цел да го одреди процентот на нивната компатибилност.



**Сцена од филмот „Црно семе" работен според истоимениот роман од Ташко Ѓоргиевски**




**Плакатот за филмот „Големата вода" работен според истоимениот роман на Живко Чинго**

7. Воопштување – конечна оцена на филмот, со посебен осврт кон целовитоста на филмот соодветно споредeн со книгата врз основа на која е работен. Оценката најчесто е формирана врз основа на темата, ефектите, адекватноста на актерите и секако блискоста и доловувањето на она што ученикот претходно го прочитал во зададеното дело.




**КОЛЕ ЧАШУЛЕ**




8. Творечки облици на работа – ова е последниот стадиум од процесот на примена на филмот во наставата по литература. Како карактеристична постапка која учениците мошне ентузијастички ја прифаќаат во овој дел е постапка на пишување сценарио. Овој акт се одвива под водство на

прирачникот на Горан Стефановски „Книга на стапици" каде е дадена постапката и чекорите за пишување на сценарио.

Уметничкиот филм во наставата може да биде корисно наставно средство, особено во областа на општествените науки, а најсоодветно за наставата по предметот Македонски јазик и литература. Најчесто тоа се филмови со актуелна општествена проблематика, филмови со литературна проблематика, биографски филмови, историски, социјално ангажирани итн. Наставните медиуми се средства за учење, средства за контрола, средства за самостојно учење, носители на информации, средства кои пренесуваат информации итн. Без нивната улога во современото образование интеракцијата не би била возможна.

Осврнувајќи се на филмот како една од најсовремените и најсофистицираните алатки на современото образование и на неговата примена во наставата по мајчин јазик, имав за цел да покажам дека сакале или не, филмот е многу битен дел од современата култура и неодминлив дел од животот на учениците. Токму затоа треба што повеќе да се користи во наставата, но сепак да се внимава на многу веројатната појава на занемарување на книгата како медиум. Филмот треба да се користи како поттикнувач, дополнувач и извор плус од она што ни го носи делото/книгата.

Најновите технологии достигнуваат размери кои допрва ни доаѓаат во пресрет. Најбитно е наставникот да работи на себедоосовршување и да има желба да ги следи најновите техники, како и тоа да ги практикува во наставата по предметот кој го предава. Само така нашето образование ќе се движи напред, рамо до рамо со европското, па и светското образование.

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1 ПРЕДМЕТ НА ИСТАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување се организацијата и реализацијата на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература, како и нивното влијание врз квалитетот на знаењата. Театарот е разгледуван како одделна дисциплина која може да се користи во наставата како дополнување на часовите по литература преку прикажување на театарски претстави направени според делата кои се обработуваат и како тоа влијае врз знаењата на учениците. Филмот, исто така е разгледуван како одделна дисциплина која може да се користи како дополнително средство во наствата. Примената на филмови кои се снимени според романи кои се работат во склоп на програмата на предметот македонски јазик и литература, како влијае при реалното перципирање и визуелизација на (приближно) вистинските услови прикажани во делото според кое е филмот направен. Предмет на ова истражување е исто така и анализата на ставовите и практиките на наставниците по македонски јазик и литература, анализа на ангажираноста и вклученоста на педагошко-психолошката служба и менаџерите на училиштата во процесот на организација на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература. Извршена е и анализа на влијанието на локалната заедница во овозможување на тој контакт помеѓу средните училишта и локалните театари и кина, колку го олеснува тој контакт или го оневозможува и има пасивен однос кон тоа. Исто така земени во предвид и анализирани се ставовите на менаџерите на културните институции Народен театар – Битола и Центар за култура – Битола.

## 2 ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да испита какво е влијанието на примената на театарот и филмот во програмата по предметот македонски јазик и литература, особено врз програмското подрачје литература. Целта на ова истражување не е да ја занемари книгата како извор на знаење. Напротив, целта е да понуди дополнителни извори на информации покрај неа. Преку ова истражување се анализира начинот на организирање на примената на театарот и филмот како наставни и вонналставни средства, кои се потешкотиите со кои се соочуваат наставниците при организирањето на примената. Целта е да прикаже каква е моменталната ситуација на реализирање на примената на театарот и филмот, колку се применува во наставата и како може да се подобри реализацијата на нивната примена.

Истражувањето е современо, квалитативно, во природна средина, флексибилно насочено кон рамката на истражувањето. Ориентирано е кон истражување на појавите и односите во седумте средни училишта во Битола.

# 3 ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачи на ова истражување се:

- Да испита дали организацискиот сегмент при примената на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература е клучен за таа примена;
- Да испита дали реализациониот сегмент при примената на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература е клучен за таа примена;
- Да испита дали театарот е важен сегмент од програмата по предметот македонски јазик и литература;
- Да испита дали филмот е важен сегмент од програмата по предметот македонски јазик и литература;
- Да испита дали локалната заедница и локалните власти помагаат при воспоставување на соработката меѓу средните училишта и театарските и кино институции или ја отежнува таквата соработка.

# 4 ХИПОТЕЗИ

**Генералната хипотеза на ова истражување е: Организирањето и реализирањето на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература влијае позитивно врз знаењата на учениците.**

**Хипотеза 1:** Менаџерите (директорите) на средните училишта ја поттикнуваат примената на театарот и филмот во наставните и воннаставните активности на учениците.

**Хипотеза 2:** Директорите на театарите и кината ја иницираат и практикуваат примената на театарот и киното и се спремни да придонесат за подигнување на нивото на квалитет на својата сегашна и идна публика.

**Хипотеза 3:** Педагошко-психолошката служба во средните училишта ја помага организацијата и реализацијата на примената на театарот и филмот во наставните и воннаставните активности на учениците.

**Хипотеза 4:**. Локалната самоуправа придонесува за полесна соработка меѓу училиштата и институциите театар и кино.

**Хипотеза 5:** Наставниците по македонски јазик и литература ги применуваат театарот и филмот како дополнителни средства во наставата.

**Хипотеза 6:** Примената на театарот и филмот во наставата по Македонски јазик и литература им помага на учениците при совладувањето на материјалот.

## 5 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Зависната варијабла се однесува на ставовите учениците, наставниците, педагошко-психолошката служба, директорите на училиштата, локалната заедница и менаџерите на институциите за театар и кино. Независните варијабли се однесуваат на примената на театарот (театарските претстави), примената на филмот (филмските претстави) и нивните репертоари.

# 6 МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За целта на ова истражување е користен дескриптивен метод при што се анализира моменталната состојба на соработка помеѓу средните училишта и локалната заедница во Битола. Таа соработка ја опфаќа комуникацијата наставник – ученици, комуникацијата меѓу наставникот и педагошко-психолошката служба, комуникацијата меѓу наставникот и менаџментот на училиштето, комуникацијата која училиштата ја имаат со менаџментот на институциите Театар и Кино и комуникацијата меѓу овие институции и локалното, подрачно министерство за образование. На тој начин дедуктивно се изведени посебни ставови за конкретни области од таа соработка, конкретно со културните институции, како што се театарот и центарот за култура во склоп на кој функционираат кино-проекциите. Применет е методот на специјализација поради развојот на соработката меѓу средните училишта и овие институции. Преку методот на анализа беше испитана моменталната ситуација во училиштата и колку наставниците го користат театарот и филмот како средства во наставата.

Од техниките кои беа применети во ова истражување ќе се издвојат техниката на интервју, особено со директорите на средните училишта, психолошко-педагошката служба во склоп на училиштата, интервју со претставници на секторот образование при подрачното министерство, како и директорите на културните институции. Анкетирањето беше уште една од техниките кои беа применети во ова истражување. Примената се одвиваше преку инструментите на анкетата, анкетни листови. Анкетирани беа учениците и наставниците по македонски јазик и литература.

# 7 ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Истражувањето беше спроведено на примерок од 99 ученици (средношколци) и на пригоден примерок на 10 наставници по македонски јазик и литература, петмина вработени во педагошко-психолошките служби, подрачниот министер од секторот образование при Општина Битола, како и двајцата директори на НУ Народен театар – Битола и Центар за култура.

Табела 1. Популација и примерок

| Популација | Примерок за анкета | Примерок за интервју |
|---|---|---|
| Менаџери на средни училишта | | 6 |
| Наставници по македонски јазик и литература | 10 | |
| Ученици | 99 | |
| Педагошко – психолишка служба | | 5 |
| Подрачен министер за образование | | 1 |
| Менаџери на Народен театар – Битола и Центар за култура – Битола | | 2 |

# 8 СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Бидејќи податоците се во форма на анкетни прашалници, се користи програмите SPSS и Microsoft Excel. Со компјутерска обработка, преку сигнирање, групирање и табелирање се изврши средување на добиените податоци. Исто така беа извршени интервјуа со директорот на Народниот театар Битола, директорот на Центарот за култура во склоп на кој функционира киното, директорите на средните училишта, педагошко-психолошката служба и претставници на секторот образование при локалната самоуправа.

# 9 ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето беше спроведено во периодот на учебната 2015/2016 година во средните училишта во Битола, за време на редовната настава. Исто така за потребите на ова истражување беа спроведени истражувања и во НУ Народен театар-Битола, НУ Центар за култура во Битола, како и во локалните институции. Пред почетокот на одговарањето на анкетите, на испитаниците, вербално им беше соопштено дека истражувањето е во потполност анонимно, а добиените податоци ќе се користат исклучиво за изработка на магистерски труд. Испитаниците беа замолени за соработка и за искреност при одговарањето. На испитаниците им беше кажано да наведат возраст, пол, (клас и училиште за учениците). Секој инструмент има засебно упатство, кое им беше прочитано на сите. Испитаниците беа известени дека учеството во анкетирањето е доброволно, односно дека можат да го одбијат учеството или пак да го прекинат кога ќе посакаат. На средношколците им беа потребни околу 20-тина минути за одговарање на прашалникот.

Прибирањето на податоците, нивната обработка и анализирањето на резултатите траеше околу 60 дена.

# III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

**Основна хипотеза на ова истражување е: Организирањето и реализирањето на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература позитивно влијае врз знаењата на учениците.**

**Хипотеза 1:** Менаџерите (директорите) на средните училишта ја поддржуваат примената на театарот и филмот во наставните и воннаставните активности на учениците.

Според добиените резултати од спроведените интервјуа со менаџерите (директорите) на средните училишта се доаѓа до следниов заклучок. Шестмината анкетирани директори ја поддржуваат примената на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература и сето тоа го оставаат на слободата и инвентивноста на наставниците кои го предаваат тој предмет. Од нив не доаѓа никаква поттикнувачка сила која ги анимира и инспирира наставниците да посегнуваат по вакви наставни и воннаставни активности. Излегуваат во пресрет околу техничката спремност за училиштетот за спроведување на вакви активности, но исто така ретко се расположени да ја прошират техничката опрема со нови помодерни и пософистицирани алатки. Физичкиот простор е исто така голем проблем кој го нагласуваат и сметаат дека просторните капацитети на училиштата се ограничени за да се обезбеди доволно голем простор кој ќе собере поголема група ученици (отприлика една генерација која би се движела од 150-200 ученици). Тие воопшто не се вклучени во организацискиот аспект на посетите на театрите и кината што првично произлегува од нивната неповрзаност со овие културни дисциплини, а исто така сметаат дека тоа е работа на наставниците и педагошко-психолошката служба кои работат во склоп на училиштата. Од шестмина интервјуирани менаџери, сите одговорија негативно во поглед на вклученоста во организацискиот аспект и рекоа дека тоа го препуштаат на наставниците и педагошко-психолошката служба. Тие сметаа дека театарот и филмот придонесуваат во животите на младите луѓе т.е. учениците, но не прават ништо за да го поттикнат тој придонес. Сметаат дека учениците од нивните училишта ретко посетуваат театар и кино, организирано, преку училиштата, за што ги обвинуваат наставниците кои недоволно се ангажираат на тоа поле, но истовремено ниту тие како менаџери не ги поттикнуваат наставниците да го прават тоа. Околу соработката со театарот и киното во град Битола,

тие ја квалификуваат таа соработка како редовна и цврста, но сепак таа соработка се сведува на повремени потреби и неконстантност во континуираноста. Запрашани дали учениците кои посетуваат театар и кино ќе израснат во културно поиздигнати личности од оние кои тоа не го прават, сите шестмина истакнуваат дека веруваат во тоа и секојдневно гледаат такви примери меѓу своите ученици. Од сите разговори и интервјуа водени со директорите на средните училишта може да се дојде до следниов заклучок. Менаџерите ја поддржуваат примената на театарот и филмот во наставата по Македонски јазик и литература, но сметаат дека организацискиот и реализацискиот аспект не спаѓаат во нивниот домен и за тоа се исклучиво одговорни наставниците по соодветниот предмет, потпомогнати од педагошко-психолошката служба.

**Хипотеза 2:** Директорите на театарите и кината ја поддржуваат примената на театарот и киното и се спремни да придонесат за подигнување на нивото на квалитет на својата сегашна и идна публика.

Сопственикот на приватниот театар „Интимен театар" и истовремено театарски режисер по вокација, Софија Ристевска, во интервјуто спроведено со неа изјавува дека театарот и филмот се од голема важност за културното и културолошкото издигнување на младите луѓе. Таа со својата институција ја поддржува примената на театарот и филмот во наставата на учениците, затоа што на тој начин креативно и инспиративно може да се приближи материјата што се изучува до самите ученици. На прашањето каква е соработката на нејзината институција со средните училишта одговара дека таквата соработка постои, но учениците најчесто се јавуваат само како пасивни гледачи на претставите кои се изведуваат во склоп на театарот. Според нејзиното мислење таа соработка може драстично да се зголеми и прошири преку изготвување на заеднички театарски проекти, коишто би довеле до позитивни резултати како за нејзиниот театар, така и за самите ученици. Учениците од градот ги посетуваат претставите еднаш месечно што е сосема задоволително, но на прашањата колку менаџерите на образовните институции и наставниците комуницираат со вакви приватни театарски установи одговорот беше дека тоа се случува многу ретко што укажува на тоа дека учениците на своја рака го посетуваат театарот, а не организирано. Тоа уште еднаш ја потврдува теоријата за недоволната ангажираност на самите наставници во процесот на приближување на театарот до учениците. Театарот е вонваставна активност која дефинитивно бара слободно време и финансиски средства, но споредено со парите кои учениците секојдневно ги трошат на некорисни работи, како и фактот дека голем дел

од денот поминуваат на социјалните мрежи, времето и парите не се голема пречка за посета на театарот. Проблемот произлегува од инспирацијата и желбата која наставникот треба да ја всади во ученикот за да го инспирира да посети театарска претстава, без разлика дали таа театарска претстава е поврзана со материјалот кој се работи или не. Во склоп на „Интимен театар" постои младинска театарска сцена каде се подготвуваат претстави на теми кои ги засегаат младите луѓе, а исто така се водат дискусии после претставите, сè со цел отворено да се зборува за ова што го мачи младиот човек денес. Ова е блиско до теоријата на Боал за тој форум театар каде гледачот станува активен учесник во театарскиот процес и зазема битна улога во самиот процес. Театарот му е потребен на младиот човек не само поради подобро разбирање на материјалот кој го работи во склоп на предметот Македонски јазик и литература, туку и како простор каде може да се искаже, да го изгради и зацврсти својот став за одредени прашања од реалниот живот, што доведува до правилно оформување на карактерот на младите луѓе. Како заклучок од спроведените интервјуа со директорот на НУ Народен театар – Битола и директорот на Центарот за култура, може да се заклучи дека соработката со средните училишта во градот не им е приоритет во нивната работа и иницијативата за посета на овие институции дефинитивно не доаѓа од нив. И покрај новините за бесплатни театарски претстави за средношколци, театарот е слабо посетен од учениците, но и менаџерските тимови на битолскиот театар не развиваат никаков план за промоција и реклама на своите претстави, со цел зголемување на бројот на посетители. На прашањето околу достапноста на малата кино-сала која функционира при Центарот за култура, одговорот секогаш беше насочен кон паричниот надоместок кој мора да се плати за да се користи тој простор. Со тоа се заклучува дека локалната заедница потфрлува во овозможувањето на соработка и заемно потпомагање на културните институции Театар и Кино со средните училишта од градот.

**Хипотеза 3:** Педагошко-психолошката служба во средните училишта ја поддржува примената на театарот и филмот во наставните и вонннаставните активности на учениците.

Педагошко-психолошката служба е многу битен сегмент во реализацијата и влијанието на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература. Во доменот на нивната работа спаѓа унапредувањето на воспитно-образовниот процес, планирање на наставата и друга воспитно-образовна работа, развивање на програми,

постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, учество во организирано и дидактичко-методско образование и надоградување, помош во организација на редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, воннаставни активности, културни и образовни активности во локалната средина, во следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната дејност, анализа на воспитно-образовните резултати, поддршка на работата на заедницата на учениците, работа со ученици - поведение, успех, редовност, прилагодување, работа со ученици со пречки во развојот, работа со талентирани и надарени ученици, примена на прописите за остварување на правата и должностите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред во основното училиште, соработка со родители, наставници и институции, следење на водењето на ученичко досие, работа на професионалниот развој во училиштето.

Најважниот сегмент од работата на педагошко-психолошката служба е помош во организација на редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, воннаставни активности, културни и образовни активности во локалната средина. Овој сегмент е најважен за ова истражување бидејќи наведува дека влијанието на педагогот и психологот е многу битно при организацијата и реализацијата на примената на театарот и филмот во наставата. Покрај иницијалната иницијатива која треба да биде покрената од наставниците и учениците, педагогот и психологот се оние кои помагаат при реализацијата на примената на театарот и филмот, а исто така тие ја прават евалуацијата на учениците за влијанието на театарот и филмот врз нивниот развој и оформување.

Според интервјуата направени меѓу повеќе педагози и психолози од средните училишта во Битола може да се дојде до следниов заклучок. На прашањето дали вие како педагози и психолози ја поддржувате примената на театарот и филмот во наставата сите анкетирани одговорија потврдно, истакнувајќи дека тоа е дел од нивната годишна програма во делот на соработка со институции. Исто така од страна на педагозите и психолозите беше истакнато дека примената на театарот и филмот во наставата им овозможува на учениците развивање на имагинацијата и креативноста, увид во нови вредности и развивање на карактерните особини. На прашањето дали учествувате во организирањето на посети на театри и кина, од петмина интервјуирани, тројца истакнаа дека не учествуваат во организацијата на тие посети, туку тоа го прават

наставниците по македонски јазик и литература, а дел од одговорите велат дека тоа не го прават ниту наставниците по македонски јазик и литература. Во однос на прашањето дали театарот придонесува во образованието и воспитанието на учениците, одговорите на педагозите и психолозите се потврдни, односно тие сметаат дека театарот како најстарата форма на уметничко изразување и изучувањето на театарот и драмата од најрана возраст, подразбира подобар процес на социјализација, развивање на психолошките карактеристики на детето. Театарот може да биде и е помошно средство за секој млад човек, во процесот на негово професионално определување во животот. Педагозите и психолозите сметаат дека имајќи го во предвид фактот дека денес кога ние живееме во ера на претерана технолошка софистицираност, во која сè помалку е присутна реалната меѓучовечка комуникација, наспроти онаа виртуелната, театарското образование ќе му понуди на младиот човек, можност да се наврати и да го спознае совршенството на реалната комуникација. Токму затоа театарот придонесува да се врати, вистинската, реалната комуникација меѓу младите, да се поттикнат денешните млади луѓе да мечтаат, сонуваат, фантазираат и да патуваат. Да се изгради здрава, авангрaдна, револуционерна, интелекутална маса млади луѓе кои ќе бидат достојни херои на нашата иднина.

Околу влијанието на филмот врз образованието и воспитанието на учениците, одговорите на педагошко-психолошката служба се потврдни, како и за театарот, меѓутоа заклучокот е дека филмот сè помалку се користи. Педагозите сметаат дека денешната генерација живее во светот на модерната технологија. Во состојба сме да научиме нешто кога гледаме филм што ни се допаѓа. По гледањето на некој филм тешко е да се воздржиме од потребата да ги споделиме со другите нашите емоции, впечатоци, идеи и мислења, а кога имаме потреба да комуницираме тогаш неизбежно го користиме јазикот. Филмовите влијаат и на емоционално ниво. Меѓутоа многу е важно да го одвоиме доброто од лошото и да дадеме критички осврт на тоа што го гледаме. Бидејќи новите генерации растат во свет кој главно е визуелен- пред ТВ и компјутерските екрани, па и наставата треба да одговори на нивните потреби.

Околу прашањето колку често се одвиваат посети на театарите и кината во склоп на наставата, одговорите се негативни, односно педагозите и психолозите велат дека тоа се случува многу ретко или воопшто не се случува во последниве години. Наставниците во училиштата организираат посети еднаш до два пати годишно, но многу влијае и заинтересираноста на учениците, како и начинот на кој наставникот ќе

ја изрекламира претставата на која сака да присуствуваат неговите ученици. Ученикот мора да биде анимиран за да сака да ја посети театарската претстава.

Педагошко-психолошката служба ги контролира работните активности на наставниците и редовно ги поттикнува да воведуваат вонпаставни активности поврзани со театарот и филмот.

Околу соработката на училиштата со Народниот театар во Битола, како и со другите театари во Македонија, одговорите наведуваат дека таа соработка е солидна и редовна, особено со театарот во Битола, додека пак соработката со театарите од другите градови во земјава е отежната, особено поради финансискиот аспект. Соработката со киното во Битола е солидна, но иницијативата за таа соработка доаѓа од страна на училиштата и не е редовна, туку само по потреба. Околу тоа колку редовната посета на театри и кина придонесува за правилно израснување, оформување на карактерот и вредностите кај младите луѓе, одговорите на педагозите и психолозите се стручни и кажуваат дека истражувањето на американските научници покажало дека театарската уметност кај младите има бројни позитивни ефекти на развојот на мозокот. Само една приказна раскажана низ театарската претстава, на мозокот на младиот човек делува неколку пати поквалитетно и подолготрајно, отколку преку филм или книга. **Живите претстави го активираат мозокот** - Причината е во тоа што за време на гледање на театарска претстава мозокот активно работи. Мора да обработува многу информации кои ги прима од различни дразби и притоа да вклучува бројни подрачја задолжени за визуелизација, слух или разбирање. Иако се чини дека гледачот е пасивен, без оглед дали гледа претстава во театар или следи филм во кино или дома. Досегашните истражувања веќе покажале дека театарските претстави го богатат знаењето и вокабуларот, историска емпатија и критичкото размислување. Воедно, на младите им овозможува подобро да препознаваат туѓи чувства. Сите тие се предности во однос на телевизорот или книгата, иако привидно изгледа пасивно. Секако дека има свое влијание и придонесува за правилен развој на младите личности, усвојување на вредности и сметам дека е потребна поголема организирана посетеност на театрите и кината од страна на учениците и со тоа да се започне од најмала возраст и посетата на кино и театар да биде дел од задолжителните активности кои ќе се реализираат најмалку два пати во текот на една учебна година со секоја година на образование. Од сето ова може да се заклучи дека педагошко-психолошката служба е мост помеѓу менаџерите на училиштата и наставниците кои ја спроведуваат програмата. Нивносто

залагање се однесува на балансирање на потребите на менаџерите и наставниците. Истражувањето нè води до заклучокот дека според педагозите и психолозите, наставниците недоволно се залагаат за примена на театарот и филмот во наставата, што од психолошки и педагошки аспект е сосема погрешно, затоа што театарот и филмот се уметности кои позитивно влијаат на развојот на младите луѓе.

**Хипотеза 4:** Локалната самоуправа придонесува за полесна соработка меѓу училиштата и институциите театар и кино.

Од спроведеното интервју со подрачниот министер за образование во Општина Битола, г-ѓа Снежана Петровска се доаѓа до следниве заклучоци. Подрачното министерство ја поддржува примената на театарот и филмот во образованието. Таа како подрачен министер отворено соработува со институциите Театар и Кино и учествува во посредувањето за остварување на таа соработка помеѓу локалните средни училишта и НУ Народен театар – Битола и Центарот за култура. Локалното министерство смета дека театарот и филмот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе, како и во секој друг сегмент од нивните животи. На прашањето околу соработката помеѓу локалното министерство и НУ Народен театар – Битола и Центарот за култура, г-ѓа Петровска истакнува дека имаат многу цврста и отворена соработка, која константно се одржува и трае. Прашана дали ја користи таа цврста соработка за организирање на посети на театарот и киното, таа вели дека константно ја користи и постојано соработува со училиштата и институциите за да излезе во пресрет на секоја ваква потенцијална соработка. Исто така, таа како човек од образовниот сектор истакнува дека, според нејзино мислење, младите луѓе, ученици, кои редовно посетуваат театар и кино се културно поиздигнати личности од оние кои тоа не го прават.

Како заклучок на оваа хипотеза може да се истакне дека според спроведеното интервју имаме константно залагање на локалното министерство за соработка меѓу училиштата и НУ Народен театар – Битола и Центарот за култура, како и другите театари и кина во земјава, меѓутоа, според интервјуата со наставниците и учениците таквото тврдење не е целосно вистинито. Наставниците истакнаа дека организацискиот и реализациониот аспект е целосно препуштен на нив и немаат никаква помош при остварувањето на таквите организирани посети на театарот и киното. Без разлика на тврдењата, евидентно е дека мора да се работи на зацврстување и редовност на соработката помеѓу училиштата и НУ Народен театар – Битола и Центарот за култура, а

како посредник секогаш мора да се јавува локалната власт и министерство кои претставуваат мост на комуникација.

**Хипотеза 5:** Наставниците по македонски јазик и литература ги применуваат театарот и филмот како дополнителни средства во наставата.

Според анкетата спроведена меѓу наставниците по македонски јазик и литература се доаѓа до следниве заклучоци. На прашањето: Колку театарските и кино-претставите се дел од вашите воннаставни активности одговорите на наставниците укажуваат на ретко користење на театарот и филмот во наставата. Од 10 анкетирани наставници само тројца редовно го користат театарот или филмот како средства во наставата. Тоа користење се движи од стадиум на некористење на театарот и филмот до два или три пати годишно. Ова укажува на неагилна организација на посетите, непокажување на интерес за организација и реализација на вакви воннаставни активности.

На прашањето околу користењето на снимени театарски претстави или ДВД филмови одговорите на наставниците укажуваат на често користење на сите филмови правени според соодветните дела, а исто така и на снимени театарски претстави меѓутоа тука се јавува друг проблем, а тоа се условите за организација и реализација на истото. Три фактори се многу важни за реализација. Тоа се ДВД рекордер, интернет и телевизор (компјутер, проектор). Доколку немаме снимено ЦД од филмот или претставата потребно е да се послужиме со училиштниот интернет за да преку апликацијата YOUTUBE дојдеме до соодветната претстава или филм. Доколку имаме ЦД потребен ни е ДВД рекордер или компјутер со ЦД-ром поврзан на соодветен телевизор или проектор. Со ова сфаќаме дека во ниедно училиште не постои соодветна посебна просторија која би била на располагање со сите овие технички средства кои ќе бидат на располагање на наставникот кој нема да губи време во грижа за нивното функционирање.

На прашањето: Дали театарските претстави и филмовите им помагаат на учениците во совладувањето на материјалот, сите анкетирени наставници одговорија потврдно, односно дека со примената на овие методи постигнуваат подобри резултати во предавањето на наставната единица особено во однос на совладување на приказната од делото, односно фабулата, релацијата и функцијата на ликовите. Токму од овие причини треба да се посвети големо внимание на организацијата и реализацијата на примената на театарот и филмот затоа што преку нив се постигнуваат подобри

резултати, учениците ги совладуваат делата, полесно ги анализираат ликовите, фабулата ја сфаќаат чисто и наративно, а релациите помеѓу ликовите добиваат сликовитост.

Коментарите на наставниците околу улогата на локалната заедница во организацијата и реализацијата на театарски и филмски претстави се негативни односно велат дека локалната заедница воопшто не е вклучена во тој сооднос. Локалната заедница треба да претставува мост помеѓу средните училишта и институциите од културата. Локалната заедница треба да овозможува соработка и обезбедување на специјални театарски претстави, како и кино-простории во кои ќе можат да се реализираат наставни активности од ваков тип.

На прашањето дали учениците сакаат да одат во театар и кино одговорите на наставниците се позитивни, дека децата пројавуваат интерес за театарската и филмската уметност, со особен акцент на филмот како попривлечна уметност за нив. Ваквото мислење на наставниците се коси со мислењето на учениците кои не баш покажуваат афинитети кон овие уметности.

Од истражувањето и спроведените интервјуа може да се заклучи дека наставниците се целосно препуштени сами на себе во организацијата и реализацијата на примената на театрските и филмските претстави што делува деморализирачки и непродуктивно врз наставниците. Тие не добиваат никаква поддршка ниту интерес од своите претпоставени и поради тоа ретко се ангажираат да организираат вакви вonнаставни активности.

**Хипотеза 6:** Примената на театарот и филмот во наставата по Македонски јазик и литература им помага на учениците при совладувањето на материјалот.

За целите на истражувањето беше спроведен прашалник меѓу 99 ученици од повеќе средни училишта во Битола, како стручни, така и гимназиски. Врз основа на полова разлика беа анкетирани 63 ученици од женски пол и 36 ученици од машки пол. Им беа поставени 16 прашања од кои 8 беа поврзани со нивните видувања, примената и користа на театарот во нивниот живот и нивниот образовно-воспитен процес и 8 беа поврзани со нивните видувања, примената и користа на филмот во нивниот живот и нивниот образовно-воспитен процес.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често посетувате театарски претстави?", табеларно се претставени во Табела 2:

Табела 2:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 16 |
| Еднаш во годината | 57 |
| Еднаш во месецот | 26 |
| Еднаш во неделата | / |
| Вкупно | 99 |

**Колку често посетувате театарски претстави?**




Ваквите бројки укажуваат дека повеќето од учениците односно дури 57% театарот го посетуваат само еднаш во годината. Ваквиот тренд е поразителен за група на млади луѓе кои треба редовно да го посетуваат театарот. За разлика од театарот, на истото прашање кое се однесува на честотата на посета на киното добиени се следниве резултати:

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често посетувате кино претстави?", табеларно е претставено во Табела 3:

Табела 3:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 16 |
| Еднаш во годината | 30 |
| Еднаш во месецот | 43 |
| Еднаш во неделата | 10 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често посетувате кино претстави?**




Ваквите резултати укажуваат на многу поголема популарност на киното како културна институција во однос на театарот. Според овие резултати учениците посетуваат кино-претстави еднаш во месецот, а 10% од испитаниците дури и еднаш неделно, за разлика од театарските претстави коишто никој не ги посетува на неделно ниво.

Тука се поставува прашањето за оформувањето на младите луѓе. Дали влијанието на телевизијата, на странските реклами, блокбастери кои обземаат со нивната технологија и звучни имиња придонесуваат за поголем популаритет на киното. Пасивноста која постои во редовите на театарскиот менаџмент укажува на неумеење да се привлече младата публика во театарот сè со цел таа театарски да се образува и оформи во компетентен гледач.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често посетите на театар се одвиваат по лична, приватна желба на учениците?", табеларно се прикажани во табела 4:

Табела 4:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 25 |
| Еднаш во годината | 50 |
| Еднаш во месецот | 23 |
| Еднаш во неделата | 1 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често посетите на театар се одвиваат по лична, приватна желба на учениците?**




Овие резултати покажуваат дека ¼ од испитаниците воопшто не посетуваат театар, додека пак дури 50% само еднаш годишно одат во театар што укажува на ниската популарност на оваа уметничка форма меѓу тинејџерите и младата популација.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често посетите на киното се одвиваат по лична, приватна желба на учениците?", табеларно се прикажани во табела 5:

Табела 5:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 17 |
| Еднаш во годината | 34 |
| Еднаш во месецот | 39 |
| Еднаш во неделата | 9 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често посетите на киното се одвиваат по ваша приватна желба?**




Овие резултати укажуваат дека најголемиот процент, 39% дури еднаш месечно посетуваат театар што укажува на поголемата популарност на филмот во однос на театарот.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „ Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?", табеларно се прикажани во Табела 6:

Табела 6:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 35 |
| Еднаш во годината | 52 |
| Еднаш во месецот | 12 |
| Еднаш во неделата | / |
| Вкупни | 99 |

**Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?**




Ваквите резултати укажуваат на тоа дека кај 35% од испитаниците воопшто не се организира посета на театарска претстава, а додека кај 52% таа се организира само еднаш годишно. Ова укажува на недоволната ангажираност на наставниците за соработка со културната институција театар, но укажува и на инертноста на менаџментот на институцијата театар да ги привлече учениците како своја публика.

Висината на процентите е слична и кај прашањето околу организираните посети на кино-претстави.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?", табеларно се прикажани во Табела 7

Табела 7:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 49 |
| Еднаш во годината | 42 |
| Еднаш во месецот | 8 |
| Еднаш во неделата | 0 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?**




Како што гледаме од резултатите, 49% од учениците никогаш не посетиле кино-претстава организирана преку нивното училиште, додека пак 42% посетуваат само еднаш во годината. Споредувајќи ги овие резултати со резултатите добиени при анализа на организираните посети на театар, укажува дека сепак посетата на театарски претстави почесто е присутна, но сепак тој процент не е задоволителен во однос на она што е потребно.

Четвртото прашање се однесува на тоа: Колку често наставниците прикажуваат извадоци или целосни театарски претстави ( на DVD, LCD-проектор, компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело според кое е направена театарска претстава?

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често наставниците прикажуваат **извадоци или целосни театарски претстави** ( на DVD, LCD-проектор,

компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело според кое е направена театарска претстава?", се прикажани во Табела 8.

Табела 8:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 44 |
| Неколку пати во годината | 46 |
| Секогаш кога работиме дело за кое има соодветна претстава | 9 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често наставниците прикажуваат извадоци или целосни театарски претстави ( на DVD, LCD-проектор, компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело според кое е направена театарска претстава?**




Анализата на овие резултати укажува на тоа дека наставниците на 44% од испитаниците воопшто не ги користат театарските претстави како наставно средство за време на часот или како вонаставно средство. Овој факт е загрижувачки бидејќи најновите измени наложени од Бирото, а поврзани со користење на ИКТ во наставата го наложуваат баш тоа, користење на компјутерските технологии во наставата.

На прашањето за тоа колку наставниците користат целосни филмови или извадоци во текот на часот добив нешто подобри резултати.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колку често наставниците прикажуваат **извадоци или целосни филмови** ( на DVD, LCD-проектор, компјутер

итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело, според кое е направен филм?“, се прикажани во Табела 9.

Табела 9:

| | F |
|---|---|
| Никогаш | 38 |
| Неколку пати во годината | 50 |
| Секогаш кога работиме дело за кое има соодветна претстава | 11 |
| Вкупно | 99 |

**Колку често наставниците прикажуваат извадоци или целосни филмови ( на DVD, LCD-проектор, компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело, според кое е направен филм?**




Ова укажува дека наставниците почесто го користат филмот како помошно наставно средство во наставата. Тоа може да зависи од повеќе фактори. Достапноста до филмот е полесна, додека пак снимените театарски претстави е потешко да се најдат.

Свесноста кај учениците за тоа што значи театарот и колку е важен во нивното правилно оформување како свесни и критични личности на ова општество е на многу ниско ниво што се гледа од двете последователни прашања каде најголемиот процент дури 48% во првото и 41% во второто прашање, делумно се согласуваат дека театарот придонесува во животот на младите луѓе, како и во нивното образование и воспитание, соодветно. Она што уште повеќе загрижува е тоа што ¼ од испитаниците воопшто

немаат свое изградено мислење за влијанието на театарот врз животот, образованието и воспитанието на младите луѓе.

Ставовите на учениците за тврдењето: „Театарот придонесува во животот на младите луѓе!", се прикажани во Табела 10.

Табела 10

| | F |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 21 |
| Делумно се согласувам | 48 |
| Немам мислење | 23 |
| Делумно не се согласувам | 4 |
| Целозно не се согласувам | 3 |
| Вкупно | 99 |




Ставовите на учениците вооднос на тврдењето: „Театарот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!", се прикажани во Табела 11.

Табела 11:

| | F |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 27 |
| Делумно се согласувам | 41 |
| Немам мислење | 23 |
| Делумно не се согласувам | 3 |
| Целозно не се согласувам | 5 |
| Вкупно | 99 |

**Театарот допринесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!**




На прашањето: Колкав дел од театарските претстави кои ги посетувате се правени според делата кои ги работите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?, 36% одговориле дека само мал дел од претставите кои ги посетуваат се работени според дела кои им се во склоп на програмата, што укажува на тоа дека театарот во Битола, па и театарите низ цела Македонија, ретко поставуваат класични дела кои влегуваат во програмата по предметот македонски јазик и литература. Исто така поради неактивноста на наставниците во соработката со театарот, учениците самостојно, во приватна режија посетуваат претстави кои се по нивен вкус и желба.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Колкав дел од театарските претстави кои ги посетувате се правени според делата кои ги работите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?", се прикажани во Табела 12.

Табела 12:

| | F |
|---|---|
| Сите | 2 |
| Поголемиот дел | 14 |
| Мал дел | 36 |
| Ниедна | 22 |
| Не знам | 25 |
| Вкупно | 99 |

**Колкав дел од театарските претстави кои ги посетувате се правени според делата кои ги работите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?**




Околу прашањето колку претставите кои ги посетуваат, а се дел од програмата по предметот им помагаат во совладувањето на истата, 39% одговориле дека делумно им помагаат, а 21% одговориле дека многу им помагаат. Тоа укажува на заклучокот дека примената на театарот во наставата им е потребна на учениците затоа што на тој начин полесно ги совладуваат делата кои ги работат.

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Доколку барем мал дел од претставите се правени според дело кое го работите на часовите, дали претставата ти помага во совладувањето на материјалот?", се прикажани во Табела 13.

Табела 13:

| | F |
|---|---|
| Многу ми помага | 22 |
| Делумно ми помага | 37 |
| Воопшто не ми помага | 12 |
| Не знам | 28 |
| Вкупно | 99 |

**Доколку барем мал дел од претставите се правени според дело кое го работите на часовите, дали претставата ти помага во совладувањето на материјалот?**




Во поглед на примената на филмот во наставата по македонски јазик, а поврзано со посетата на кино-салите, настанува еден очекуван проблем, а тоа е репертоарот на кината на кој се наоѓаат филмови кои се актуелни, популарни и најчесто се од англиско говорно подрачје. Тука се покренува прашањето дали институциите во склоп на кои функционираат кино-салите (во случајов тоа е Центарот за култура во општина Битола) развиваат механизми на соработка со училиштата, соработка преку која ќе излегуваат во пресрет на училиштата со отстапување на кино-салите и опремата за проектирање во одредени термини, за филм кој е работен според адекватно сценарио по некоја од книгите кои се во програмата по предметот македонски јазик и литература. За таков случај сум сведок јас самата при што презедов иницијатива да го вратам т.е. донесам филмот „Балканот не е мртов" во режија на Александар Поповски да биде проектиран во малата сала при Центарот за култура на Битола. Самата организација е сложена, но не и неизводлива. Контактирајќи го продуцентот на филмот ми беше испратена блуреј

копија од филмот, а во договор со директорот на центарот беше одреден термин за проектирање на филмот. Тука се покренува прашањето за цената? Регуларната карта за кино-проекција изнесува 150 денари. За проектирањето на филмот „Балканот не е мртов" кој во тој момент е надвор од редовен репертоар од учениците беа побарани 60 ден по карта. Тоа го покренува прашањето кому припаѓа Центарот за култура и дали учениците, средношколците треба да плаќаат за нешто за кое локалната заедница треба да им излезе во пресрет и на некој начин да вложи во нив, па одредени термини во неделата да ги направи достапни за учениците и на тој начин да ги привлече и на своите регуларни, репертоарски изведби. Исто така се покренува прашањето за постоење на архива во центарот за култура, односно база на познати филмови кои се работени според дела од програмата на средношколците коишто ќе им бидат достапни секогаш кога ги работат за да не мора филмот да биде порачуван директно од продуцентите или режисерите. Ова особено се однесува на филмографијата работена според книги од македонската литература како што се легендарните: „Црно семе", „Големата вода", „Денови на искушение", „Елегии за тебе" итн. Тоа се филмови кои треба да се наоѓаат во архивата на секој центар за култура со што би биле лесно достапни на јавноста и на оние кои сакаат да реализираат вонаставни активности во соработка со локалната заедница.

Околу тврдењата: Филмот придонесува во животот на младите луѓе! и тврдењето: Филмот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!, дури 44% од испитаниците сметаат дека филмот придонесува во нивниот живот, како и во нивното воспитание и образование, за разлика од резултатите кои ги покажаа одговорите на истите тврдења поврзани со театарот. Таму само 21% од учениците сметаа дека театарот придонесува во нивниот живот и нивното образование и воспитание. Овој факт зборува за популарноста на филмот како визуелна форма за сметка на ниската популарност на театарот. Исто така тоа укажува дека филмот е многу почесто застапен во животите на младите луѓе.

Ставовите на учениците околу тврдењето: „Филмот придонесува во животот на младите луѓе!", се прикажани во Табела 14:

Табела 14:

| | F |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 44 |
| Делумно се согласувам | 38 |
| Немам мислење | 16 |
| Делумно не се согласувам | 1 |
| Целозно не се согласувам | 0 |
| Вкупно | 99 |

**Филмот допринесува во животот на младите луѓе!**




Ставовите на учениците во однос на тврдењето: „Филмот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!", се прикажани во Табела 15.

Табела 15:

| | F |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 31 |
| Делумно се согласувам | 40 |
| Немам мислење | 26 |
| Делумно не се согласувам | 0 |
| Целозно не се согласувам | 2 |
| Вкупно | 99 |

**Филмот допринесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!**




Околу прашањето колкав дел од филмските проекции кои ги посетуваат се правени според делата кои ги обработуваат највисок е процентот на негативни одговори односно дека филмовите кои учениците ги гледаат немаат никаква поврзаност со делата кои ги работат според програмата.

Ставовите на учениците околу прашањето: „Колкав дел од кино претставите кои ги посетувате се правени според делата кои ги работите во склоп на програмата по предметот македонски јазик и литература?", се прикажани во Табела 16.

Табела 16:

| | F |
|---|---|
| Сите | 3 |
| Поголемиот дел | 9 |
| Мал дел | 29 |
| Ниедна | 35 |
| Не знам | 23 |
| Вкупно | 99 |

**Колкав дел од кино претставите кои ги посетувате се правени според делата кои ги работите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?**




И покрај видливата ниска примена на филмот во наставата, суштински е да се нагласи дека филмот кој е работен според адаптирано сценарио на дело кое е во склоп на програмата по предметот Македонски јазик и литература, значително им помага на учениците во совладувањето на тоа дело. За тоа говорат добиените резултати на следново прашање:

Ставовите на учениците во однос на прашањето: „Доколку барем мал дел од филмовите се правени според дело кое го работите на часовите, дали филмот ти помага во совладувањето на материјалот?", се прикажани во Табела 17.

Табела 17:

| | F |
|---|---|
| Многу ми помага | 16 |
| Делумно ми помага | 43 |
| Воопшто не ми помага | 12 |
| Не знам | 28 |
| Вкупно | 99 |

**Доколку барем мал дел од филмовите се правени според дело кое го работите на часовите, дали филмот ти помага во совладувањето на материјалот?**




Од сите добиени резултати во работата на анкетите со учениците од повеќе средни училишта во Битола, се доаѓа до следниов заклучок. Учениците во средните училишта не сакаат театар, додека пак од филмската уметност, учениците се љубители на современите филмски остварувања работени според современи и футуристички теми, а не теми кои произлегуваат од светски познатите дела на литературата. Учениците на возраст од 14 до 18 години воопшто не посетуваат театар, ниту имаат однос кон театарот како уметност. Коренот на ваквиот однос би требало да се бара во домашното воспитување, меѓутоа и во образованието за време на основните училишни години. Театарот и филмот се многу важен фактор во развојот и правилното оформување на младиот човек и според анкетите учениците за тоа се свесни. Проблемот е како учениците да се привлечат кон театарските и кино салите за да активно ги користат овие ресурси во својата лична и професионална надградба.

Генерална хипотеза

Основна хипотеза на ова истражување е: *Организирањето и реализирањето на примената на театарот и филмот во наставата по предметот македонски јазик и литература влијае позитивно на знаењата на учениците.* Главната хипотеза од која произлегуваат сите останати хипотези се однесува на организирањето на примената на театарот и филмот во наставата по македонски јазик и литература, како и на реализирањето на таа примена. Од сите истражувања кои беа спроведени во текот на работата се доаѓа до еден општ заклучок дека најтешкиот дел е организацијата. Тешко се одвива комуникацијата помеѓу наставниците и учениците, а уште потешко комуникацијата наставник – менаџер на училиште. Директорите не се отворени за комуникација со наставниците во поглед на вонаставни активности и се оградуваат себе си од било какви дополнителни обврски кои би значеле и дополнителен трошок за училиштето. Доколку се оствари организацијата на посетата на некоја театарска или кино претстава следува нејзината реализација што е исто така дополнителна обврска за наставникот. Иницијативата за организирање на посета на театар или кино ретко доаѓа од самите ученици што зборува негативно за нивниот интерес за овие уметности. НУ Народен театар Битола во својата структура има маркетинг тим кој би требало да се грижи за промоција на најновите театарски остварувања, но тоа воопшто не се применува. Многу мал процент од учениците редовно посетуваат театар и тие посети се во сопствена организација. Ангажираноста на секторот Односи со јавност, и во Народниот театар и во Центарот за култура е на ниско ниво. Тие не работат на осмислување на кампањи за рекламирање и промоција на нивните продукти меѓу основците и средношколците. Тие не работат на едукација и оформување на своја редовна публика која треба да се оформи уште од најмала возраст за да во иднина прерасне во редовен посетител на овие културни институции. Воспитниот и образовниот сегмент е оставен на наставниците кои предаваат општообразовни предмети, а особено наставниците по Македонски јазик и литература. Тие мораат да организираат посета на овие институции со што би ја збогатиле и на одреден начин би ја реформирале, својата наставна и вонаставна работа. После добро спроведениот организациски сегмент следува реализацијата на организираното. Очекувањата секогаш се косат со реалноста. Со оглед на тоа дека се работи за средношколци секогаш мора да се остави простор за несериозност и неодговорност што доведува до нереализација на договореното. Сепак, како еден општ заклучок на оваа хипотеза, може да се истакне

дека наставникот е препуштен сам на себе во организирањето и реализирањето на активностите поврзани со примената на театарот и филмот во наставата.

Најбитниот фактор кој влијае врз успешната организација и реализација на примената на театарот и филмот во наставата, со цел подобрување и збогатување на знаењата на учениците, е финансискиот фактор. Без него сиот напор за адекватна организација би бил залуден. Посетата на театар и кино чини пари. Тоа е првото ограничување со кое се соочува секоја наставник и ученик. Идејата на оваа магистерска е да ги поттикне локалните власти и локалните културни институции да вложуваат во својата младина, овозможувајќи им бесплатни посети на театарите и кината и ставање на располага на просторните и техничките капацитети кои ги поседуваат, сè со цел создавање на едуцирана млада публика која во моментот кога сама ќе заработува ќе може и ќе сака да си дозволи посета на театарска или филмска претстава. Со тоа учениците кои денес бесплатно посетуваат театарска или филмска претстава, би ѝ се оддолжиле на општествената заедница во годините кои доаѓаат. Само на тој начин се создаваат луѓе со верба дека заедницата вложува во нив, поради што и тие треба да вложуваат во заедницата.

# IV ЗАКЛУЧОК

Театарот и филмот претставуваат многу битен сегмент од наставните и вонннаставните активности во наставата по предметот Македонски јазик и литература. Со нивната примена се збогатува и надополнува целокупната слика за изведбата на еден час. Театарските претстави и филмовите се совршена алатка за надополнување и проширување на знаењата на учениците. Со нивната примена во наставата се овозможува активно учество на учениците и шареноликост на пристапот кон обработка на делото. Целокупниот впечаток е дека учениците не го сакаат театарот како уметност меѓутоа според разговорите водени со средношколци при мојата работа со нив, заклучокот е дека театарите во нашата земја не работат на промоција и создавање на таргет групи кај младата публика. Таа млада публика се нивни идни верни гледачи. Менаџментскиот сектор на театарот не се залага доволно за да соодветно испромовира одредена претстава помеѓу младата популација. Слабата посетеност исто така се должи и на несоодветните претстави кои не се совпаѓаат со интересите на средношколците што е уште една причина за ретката посета на театарот. Во поглед на филмот имаме малку поинаков концепт. Популарните филмови се многу посетени, меѓутоа оние филмови кои соодветствуваат на програмата по македонски воопшто не се на репертоарите на кино-салите. Останува на наставниците самостојно да организираат нивна проекција со закуп на салата за што пречка е можеби најбитниот фактор, а тоа се финансиите. Училиштата располагаат со сиромашна опрема, мали простории во кои не може да се организира соодветна проекција, а факторот време исто така не оди во прилог на примената на филмот во наставата. Еден час трае 45 минути, а просечен филм трае 90 минути. Токму затоа оваа магистерска дава одредени насоки и идеи за примена на театарот и филмот во наставата со избегнување на тие пречки. Кај театарот специјален репертоар кој би одел паралелно на редовниот, со две до три претстави годишно кои се работени исклучиво по текстови кои се работат во програмата, кратки, јасни, по принципот на Боаловиот Форум-театар со можност за дискусија и активно учество на учениците во претставата. Кај филмот со организирање на вонннаставни активности надвор од училишното време со најмување на салата со кино платно како соработка помеѓу училиштата и Центарот за култура со посредство на Општината и локалните власти. Таа соработка секако отвара врата за заемна помош преку активно

волонтерство на учениците при секоја потреба на институцијата Центар за култура, секако, без финансиска надокнада.

# V ПРЕПОРАКИ

Примената на театарот и филмот во наставата по предметот Македонски јазик и литература претставува неопходна алатка за оплеменување и збогатување на самиот образовен процес. Литературата како предметно подрачје се пројавува во најразлични форми кои ние како наставници треба да ги следиме и користиме за да бидеме во тек со културните збиднувања и интересите на нашите ученици. Театарот и филмот, иако едни од најстарите уметности, сепак констнатно се менуваат и осовременуваат. Нивната примена го осовременува и нашиот израз. Препораките кои ги оформив и осознав преку ова истражување особено се однесуваат на моите колеги, наставниците. Инвентивноста и ентузијазмот ја даваат потребната сила и посветеност да се организира посета на театар или кино. Наставникот е мост помеѓу учениците и културните институции, никој друг освен него. Од наставникот зависи колку неговите ученици ќе сакаат или нема да сакаат театар или филм. Препорачувам редовна комуникација со НУ Народен театар Битола и Центарот за култура, редовно следење на нивните тековни репертоари и идни, планирани настани. Преговарање за олеснување на трошоците на учениците при тие посети и отварање на можности за заемно помагање меѓу културните институции и средните училишта во градот.

Кога е во прашање театарот најбитно е да се следи редовниот репертоар и споредбено да се анализира со наставната програма, сè со цел да се издвојат соодветните претстави кои може да се искористат за збогатување на знаењата на учениците и помош при совладувањето на одредено дело. Меѓутоа, битно е да се посетуваат и оние претстави кои не произлегуваат од програмата на предметот, но сепак дискутираат за актуелните теми кои се важни за животот на младите адолесценти. Во тие прилики идеална примена би нашол Боаловиот Форум-театар при што учениците би имале можност активно да учествуваат во дискусијата која ја носи темата на претставата. Оттука произлегува препораката за менаџерските тимови на театарите во цела Македонија, не само во Битола, препорака за отварање не само на вратите од нивните гледалишта, туку и на вратите од нивните сцени со што младите луѓе од пасивни восприемачи на театарот би станале активни учесници кои мислат и придонесуваат, а не само публика чија главна задача е да аплаудира. Културата на односот театар-публика и актер-публика е многу поблизок од она на кое ние сме навикнати. Актерот учи од својата публика, како што публиката учи од претставата

која ја гледа. Со ова се доаѓа до заклучокот дека театарот покрај културна, сепак во основа е и образовна институција.

Препораките во поглед на примената на филмот во наставата по македонски јазик и литература се однесуваат на максимално користење на сите снимени видео-материјали кои можат да се најдат, а соодветствуваат со наставната програма. Ова особено се однесува на делата од странски автори. Кога се во прашање македонските филмови мојата препорака оди до институцијата Кинотека на Македонија која треба да ги отвори своите архиви на македонски филмови кои се снимени по адаптирано сценарио од најпознатите дела во македнската литература. Тие филмови треба да бидат достапни за секое училиште во републиката, за секој наставник и преку комуникација со локалното кино да се организира проекција на соодветниот филм. Конкретно во Битола, покрај големата кино-сала постои и мала кино-сала која треба да биде достапна за сите училишта кои имаат желба да ја користат и да го применат филмот во совладувањето на материјалот од предметот македонски јазик и литература. Едно од моите искуства поврзано со организација на проекција на македонски филм се однесува на мојата соработка со режисерот Ацо Поповски кој најпрофесионално излезе во пресрет и испрати копија од својот филм „Балканот не е мртов", а јас како наставник организирав откуп на малата сала каде истиот беше проектиран. Ова учениците ги чинеше по 60 денари од човек. На крај следуваат најочигледните препораки кои ќе ги даде секоја наставник по било кој предмет, а тоа е техничката модернизација на училиштата, како и просторното дооформување. Опремувањето на училиштниот простор со технички средства како што се плазма телевизори, ДВД рекордери, проектирачки платна, проектори и секакви други технички алатки е задача на секој менаџер на училиште. Во 21-ви век, недостатокот на овие алатки е осуда на мрак и незнаење.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Андреевски, Ж., (1995), Живот со мас-медиуми, Универзитетска печатница „Св. Кирил и Методиј", Скопје

[2] Антиќ, В., (1970), Прилози од областа на македонскиот јазик и литература, статија, Скопје

[3] Атанасова, В., Милевска-Костова, Н., Марку, Б., (2007) Соработка на локалната самоуправа со граѓанските организации, Боро графика, Скопје

[4] Бачанов, П., (1976) Филмското образование во наставната програма, Просветен работник, од 30 октомври 1976 г., Скопје

[5] Бачанов,П.;Андоновска,З., (1992),Филмот во наставата по македонски јазик, Детска радост, Скопје

[6] Богдановски, С.; Трпевска С.; Милевска, С, (2014), Аудиовизуелни креативни индустрии во Македонија, Винсент графика, Скопје

[7] Василевски-Подгорски, К., (1997) Методологија и организација на наставата, Навас, Скопје

[8] Василевски, Г., (2002), Историја на филмот, Југореклам, Скопје

[9] Величковиќ, С.; Јанушев, М., (1985), Структурата на литературното дело,Скопје

[10] Видаковиќ, М., (1973), Филм и други уметности, Аудиовизуелна технологија васпитно-образовног рада – Филмска култура,Београд

[11] Волман, В., (1979), Големиот екран и романот, в. Нова Македонија од 11 февруари 1979 г.

[12] Врабец, М., (1961), Моје дете и филм, Народна књига, Београд

[13] Георгиевски, Љ., (1992), Генезата на македонскиот игран филм, Нова Македонија, Скопје

[14] Гогоска, Л., (2005), Педагошки основи на функцијата директор на училиште, Ѕвезда, Скопје

[15] Гоцевски, Г., (2003), Образовен менаџмент, второ издание, Македонска ризница, Куманово

[16] Гоцевски, Т.; Гоцевски, С., (2009), Образовните системи во Европска унија, Филозофски факултет, Скопје

[17] Груевски, Љ., (2006), Театар, филм, стих, Артерос, Битола

[18] Делчев, Ѓ., (1974), Филм, во кн. Македонски јазик во основното училиште – објаснение на новата наставна програма, материјали од семинари, РЗУШ на СРМ, Скопје, стр. 111-138

[19] Ѓорговска-Илиевска, М., (2005), Книжевноста во дијалог со филмот, Југореклам, Скопје

[20] Калсон, М., (1998), Теорија на драмата и театарот, Детска радост, Скопје

[21] Костов, В., (1964), Филмската уметност и наставата по литература, Литературен збор, бр.3, Скопје

[22] Костов, С., (2006), Граѓанска партиципација, Сак-стил, Скопје

[23] Мазов, И., (1976), Уште еден роман на сцена, статија, в. Нова Македонија од 7 ноември 1976 г.

[24] Матевски, З., (2000), Масмедиумите и наставата, Графоуслуга, Скопје

[25] Матевски, М, (2005), Драма; Театар, Матица македонска, Скопје,

[26] Мицев, доц. Д-р М., (1978), Психоанализа и театар, Просветно дело, Скопје, стр. 17

[27] Никодиновски – Биш, Љ., (2009), Алтернативен театар во Македонија, Магор, Скопје

[28] Николовски, А., (1982) Филмот, содржините од филмот и нивното оживотворување во наставата, Литературен збор, година XXIX, книга 5, одделен отпечаток Скопје, стр.97

[29] Петровска – Кузмановска, К., (2002), Ритуален театар, Магор, Скопје

[30] Петрушева, И., (2011), Време на игри и соништа, Кинотека на Македонија, Скопје

[31] Постолов, К., (2011), Теорија на организација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

[32] Силјановска-Давкова, Г.; Митков, В., (2004), Локална самоуправа, Магор, Скопје

[33] Смилевски, Ц., (1972), Обликување на наставата, Киро Дандаро, Битола

[34] Спасов, А., (1970), За македонскиот роман, излагање на конференција, III Семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид

[35] Србиновска, С., (2011), Книжевност, филм, популарна култура, Сигмапрес, Скопје

[36] Станоевски, Ц., (1989), Искушението – филм, Наша книга, Скопје

[37] Стојаноска, А., (2006), Македонски постмодерен театар, Факултет за драмски уметности, Скопје

[38] Стојановска, В., (2012), Наставни медиуми, Филозовски факултет, Соларис принт, Скопје

[39] Стотард, Б., (2004), Образование за животните вештини: прирачник за неформално образование, Југореклам, Скопје

[40] Танасковска, J., (2015), Културата и електронските медиуми, Феникс, Скопје

[41] Ќулавкова, К., (2000), Меѓусвет, Три, Скопје

[42] Чепинчиќ, М., (1999), Македонскиот игран филм, Кн.2, Де Гама, Скопје

[43] Шепард, С., (2009), Театар, тело, задоволство, Табернакул, Скопје

Веб-страни:

http://makedonija.rastko.net

www.bro.gov.mk

http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/

http://eur-lex.europa.eu/

http://www.diceproject.ie/

http://www.academia.edu/

http://www.theatreoftheoppressed.org

http://www.mothertongue.co.za

http://www.constablecare.org.au

http://www.pedagogyoftheoppressed.com

http://ptoweb.org/

http://www.tandfonline.com

# ПРИЛОЗИ

Пол ______________________________

Возраст ______________________________

Клас______________________________

Училиште______________________________

## ПРАШАЛНИК

Подолу се наведени определен број тврдења кои треба внимателно да ги прочиташ и да забележиш твои мислења поврзани со нив.

1. Колку често посетувате театарски претстави?

   а) Никогаш

   б) Еднаш во годината

   в) Еднаш во месецот

   г) Еднаш во седмицата

2. Колку често тие посети се одвиваат по ваша приватна желба?

   а) Никогаш

   б) Еднаш во годината

   в) Еднаш во месецот

   г) Еднаш во седмицата

3. Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?

   а) Никогаш

   б) Еднаш во годината

   в) Еднаш во месецот

   г) Еднаш во седмицата

4. Колку често наставниците прикажуваат извадоци или целосни театарски претстави ( на DVD, LCD-проектор, компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело според кое е направена театарска претстава?

а) Никогаш

б) Неколку пати во учебната година

в) Секогаш кога работиме дело за кое има соодветна театарска претстава

5. Театарот придонесува во животот на младите луѓе!

а) Целосно се согласувам

б) Делумно се согласувам

в) Немам мислење

г) Делумно не се согласувам

д) Целосно не се согласувам

6. Театарот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!

а) Целосно се согласувам

б) Делумно се согласувам

в) Немам мислење

г) Делумно не се согласувам

д) Целосно не се согласувам

7. Колкав дел од театарските претстави кои ги посетувате се правени според делата кои ги рабоите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?

а) Сите

б) Поголемиот дел

в) Мал дел

г) Ниедна

д) Не знам

8. Доколку барем мал дел од претставите се правени според дело кое го работите на часовите, дали претставата ти помага во совладувањето на материјалот?

а) Многу ми помага

б) Делумно ми помага

в) Воопшто не ми помага

г) Не знам

9. Колку често посетувате кино претстави?

а) Никогаш

б) Еднаш во годината

в) Еднаш во месецот

г) Еднаш во седмицата

10. Колку често тие посети се одвиваат по ваша приватна желба?

а) Никогаш

б) Еднаш во годината

в) Еднаш во месецот

г) Еднаш во седмицата

11. Колку често тие посети се одвиваат организирано од училиштето во кое учиш?

а) Никогаш

б) Еднаш во годината

в) Еднаш во месецот

г) Еднаш во седмицата

12. Колку често наставниците прикажуваат извадоци или целосни филмови ( на DVD, LCD-проектор, компјутер итн.) во склоп на часот предвиден за конкретно литературно дело, според кое е направен филм?

а) Никогаш

б) Неколку пати во учебната година

в) Секогаш кога работиме дело според кое е снимен соодветен филм

13. Филмот придонесува во животот на младите луѓе!

а) Целосно се согласувам

б) Делумно се согласувам

в) Немам мислење

г) Делумно не се согласувам

д) Целосно не се согласувам

14. Филмот придонесува во образованието и воспитанието на младите луѓе!

а) Целосно се согласувам

б) Делумно се согласувам

в) Немам мислење

г) Делумно не се согласувам

д) Целосно не се согласувам

15. Колкав дел од кино претставите кои ги посетувате се правени според делата кои ги рабоите во склоп на програмата по предметот македонскијазик и литература?

а) Сите

б) Поголемиот дел

в) Мал дел

г) Ниедна

д) Не знам

16. Доколку барем мал дел од претставите се правени според дело кое го работите на часовите, дали претставата ти помага во совладувањето на материјалот?

а) Многу ми помага

б) Делумно ми помага

в) Воопшто не ми помага

г) Не знам

# ИНТЕРВЈУ

Со наставниците:

1. Колку театарските и кино претставите се дел од вашите вонваставни активности?

2. Дали на учениците им проектирате снимени театарски претстави и филмови?

3. Дали им помагаат во совладувањето на материјалот?

4. Дали сметате дека локалната заедница доволно придонесува за слободна посета на театарите и кино салите?

5. Дали учениците сакаат да одат во театар и кино?

Со директорите на училиштата

1. Дали вие како менаџер на училиштето поддржувате примена на театарот и филмот во наставата на учениците?
2. Дали организирате посета на театри и кино проекции?
3. Дали сметате дека театарот придонесува во образованието на учениците?
4. Дали сметате дека филмот придонесува во образованието на учениците?
5. Колку често вашите ученици посетуваат театар и кино во рамките на училиштето?
6. Дали наставниците во вашето училиште организираат посети на театари и кина?
7. Доколку не организираат, дали ги поттикнувате да го прават тоа?
8. Каква е соработката помеѓу вашето училиште и Народниот театар во Битола, како и другите театари во земјава?
9. Каква е соработката помеѓу вашето училиште и Центарот за култура во Битола во склоп на кој функционира киното, како и другите кина во земјава?
10. Дали сметате дека тинејџерите кои посетуваат театри и кина ќе израснат во културно поиздигнати личности од оние кои тоа не го прават?

Со педагошко-психолошката служба

1. Дали вие како педагошко-психолошката служба на училиштето поддржувате примена на театарот и филмот во наставата на учениците?
2. Дали учествувате во организирањето на посета на театари и кино проекции?
3. Дали сметате дека театарот придонесува во образованието и воспитанието на учениците?
4. Дали сметате дека филмот придонесува во образованието и воспитанието на учениците?
5. Колку често вашите ученици посетуваат театар и кино во рамките на училиштето?
6. Дали наставниците по македонски јазик и литература организираат посети на театари и кина?
7. Доколку не организираат, дали ги поттикнувате да го прават тоа?
8. Каква е соработката помеѓу вашето училиште и Народниот театар во Битола, како и другите театари во земјава?
9. Каква е соработката помеѓу вашето училиште и Центарот за култура во Битола во склоп на кој функционира киното, како и другите кина во земјава?
10. Колку редовната посета на театри и кина придонесува за правилно израснување, оформување на карактерот и вредностите кај младите луѓе?

Со претставници од секторот образование при локалната самоуправа

1. Дали вие како сектор обазование при локалната самоуправа поддржувате примена на театарот и филмот во наставата на учениците?
2. Дали учествувате во организирањето или барем посредувањето помеѓу средните училишта и театарските и кино институциите при посета на театари и кино проекции?
3. Дали сметате дека театарот придонесува во образованието и воспитанието на учениците?
4. Дали сметате дека филмот придонесува во образованието и воспитанието на учениците?
5. Каква е соработката помеѓусекторот обазование при локалната самоуправа и Народниот театар во Битола, како и другите театари во земјава?
6. Каква е соработката помеѓусекторот обазование при локалната самоуправа и Центарот за култура во Битола во склоп на кој функционира киното, како и другите кина во земјава?
7. Дали ја користите таа соработка за организирање на посети на театари и кина?
8. Дали сметате дека тинејџерите кои посетуваат театри и кина ќе израснат во културно поиздигнати личности од оние кои тоа не го прават?

Со директорите на НУ Народен театар – Битола и НУ Центар за култура – Битола

1. Дали вие како менаџер на оваа културна установа поддржувате примена на театарот и филмот во наставата на учениците?
2. Каква е вашата соработка со средните училишта?
3. Дали организирате театарски/кино проекции за учениците од средните училишта?
4. Дали сметате дека театарот/филмот придонесува во образованието на учениците?
5. Колку често средношколците посетуваат театар и кино во рамките на училиштето?
6. Дали директорите на средните училишта бараат соработка со вашата институција?
7. Дали наставниците бараат соработка со вашата институција?
8. Доколку не бараат, дали вие ги поттикнувате да го прават тоа?
9. Колку вашата институција придонесува за правилен развој на младите луѓе?
10. Дали сметате дека тинејџерите кои посетуваат театри и кина ќе израснат во културно поиздигнати личности од оние кои тоа не го прават?